Почнувајќи од учебната 2021-2022 година за учениците од трета година, а продолжувајќи во учебната 2026-2027 со четврта година, според наставниот план за реформирано средно стручно образование, се применува и програма Учење преку работа со социјалните партнери. За таа цел беа потпишани Меморандуми за соработка со повеќе здравствени установи.

Во учебната 2026/27 година за практичната настава ќе биде задолжен координатор/и кои ќе се грижат за целосна и функционална реализација на практичната настава во Училиштето, согласно веќе изготвениот Правилник од страна на Министерството за образование и наука.

Практичната настава за профилот ***медицинска сестра*** во втора година од областа на нега на болен се изведува во специјализирани кабинети во училиштето. Практичната настава за учениците од трета и четврта година се изведува во

здравствени болнички и вонболнички установи, како интегрален дел од наставата. Институции со кои најчесто соработуваме за реализација на практичната настава се: Јавна здравствена установа Клинички центар Скопје, ЈЗО Општа хируршка болница, ЈЗО Општа Градска Болница 8 Септември, ГАК Чаир, Геријатрија, Детска болница Козле, Мајчин дом и други.

Практичната настава за профилот ***гинеколошко-акушерска сестра*** во втора година од областа на нега на болен се изведува во специјализирани кабинети во училиштето. Практичната настава за учениците од трета и четврта година се изведува во здравствени болнички и вонболнички установи, како интегрален дел од наставата. Институции со кои најчесто соработуваме за реализација на практичната настава се: Јавна здравствена установа Клинички центар Скопје, ГАК Чаир, Детска болница, Мајчин дом и други.

Практичната настава за профилот ***физиотерапевтски техничар*** се изведува во кабинети во училиштето од домен на нега на болен, за учениците од втора година. Додека дел од практичната настава за учениците од втора, трета и четврта година се изведува во здравствени болнички и вонболнички установи, како интегрален дел од наставата. Институции со кои најчесто соработуваме за реализација на практичната настава се: Завод за физикална терапија и медицинска рехабилитација, Јавна здравствена установа Клинички центар Скопје, ЈЗО Општа Градска Болница 8 Септември.

Практичната настава за профилот ***забен техничар*** се изведува во специјално за тоа опремени лаборатории за стоматолошка техника во училиштето под водство на стручен наставник за учениците од втора, трета и четврта година.

Практичната настава по стручните предмети за профилот ***фармацевтски лабораториски техничар*** се одвива во соодветни лаборатории и кабинети во училиштето (официна, материјалка, галенска лабораторија, асептична комора) и во институции кои обавуваат фармацевтска дејност. Тоа се аптеки, галенска лабораторија, веледрогерии, како и во фармацевтската индустрија. Од учебната 2021-2022 година за учениците од трета година се применува програмата за дуално образование со социјалниот партнер Алкалоид, според соодветно изготвена наставна програма.

Практичната настава за профилот ***медицински лабораториско-санитарен техничар*** во втора година се одвива во соодветни лаборатории опремни за таа намена, како што се кабинет за микробиологија, аналитичка и биохемиска лабораторија. За учениците од трета и четврта година дел од практичната настава се реализира во лаборатории во училиштето и тоа клиничка лабораторија, лабораторија за микробиологија и паразитологија, биохемиска лабораторија. Останатиот дел од практичната настава се одвива во биохемиските лаборатории на Клиничкиот центар при Медицинскиот факултет, Институтот за микробиологија и паразитологија при Медицинскиот факултет и Микробиолошката лабораторија во Републичкиот и Градскиот завод за здравствена заштита.

Вака остварената тесна и добра соработка со институциите за кои се едуцираат профилите во училиштето овозможува максимален пристап до високо автоматизираната апаратна опрема, директен контакт со пациентите, со што се создаваат услови, теоријата и практиката да го следат брзиот развој на науката и техниката во медицинските гранки.

8.5.1 Феријална практика

Феријалната практика претставува облик на концентрирано и интензивно реализирање на заокружени професионални работи и работни задачи во здравствени институции. Феријалната практика се реализира за време на летниот одмор на учениците во прва, втора и трета година, со цел учениците подобро да се оспособат за идната професија. Времето за реализација е 100 работни часа распределени во 20 работни дена. Во тек на феријалната практика учениците уредно водат дневници за работа со краток опис на набљудуваните и изведени манипулации предвидени со програмата, кои се верификуваат со потпис на одговорното лице на здравствената организација и одговорен наставник од училиштето.

Учениците од прва година пред завршување на учебната година, задолжително посетуваат обука од страна на одговорен наставник за безбедност и здравје на работно место, со што добиваат потврда за реализирана обука.
Пред почетокот на обавување на феријалната практика од страна на одговорните наставници на учениците им се доставуваат сите потребни обрасци и се потпишуваат Договори за реализација на практична обука кај работодавач.
Учениците од профилот **медицинска сестра** феријалната практика ја изведуваат под мониторинг на наставниците по практична настава на клиничките бази, а од трета година ја изведуваат самостојно во здравствените установи во Скопје или во своето место на живеење под надзор на персоналот вработен во тие установи.
Учениците од профилот **гинеколошко-акушерска сестра** феријалната практика ја изведуваат под мониторинг на наставниците по практична настава на клиничките бази, а од трета година ја изведуваат самостојно во здравствените установи во Скопје или во своето место на живеење под надзор на персоналот вработен во тие установи.
Учениците од профилот **забен техничар** феријалната практика во прва, втора и трета година ја остваруваат во соработка со Стоматолошки клиники и заботехнички лаборатории.
Учениците од профилот **фармацевтски лабораториски техничари** феријалната практика ја реализираат во соработка со повеќе здравствени и производствени организации низ целата Република: Алкалоид, Реплек, Клинички аптеки, Болнички аптеки, галенски лаборатории, Билната аптека, Републичкиот завод за контрола на лекови.
Учениците од профилот **медицински лабораториско-санитарен техничар** феријалната практика ја обавуваат во биохемиските лаборатории при Клиничкиот центар, Институтот за микробиологија и паразитологија при Медицинскиот факултет и микробиолошката лабораторија во Градскиот завод за здравствена заштита во Скопје, Институт за јавно здравје на Република Македонија.
Учениците од профилот **физиотерапевтски техничар** феријалната практика ја обавуваат во Заводот за медицинска рехабилитација, Катлановската бања и повеќе приватни здравствени установи.

8.6 Уметнички вежби, продукции и настани****
(Да се наведат кратко, јасно и стручно следниве информации:

- *Типови на активности – какви уметнички вежби и продукции се реализираат (концерти, изложби, претстави, модни ревии, филмски проекции и слично).*
- *Учество на учениците – кои паралелки или групи учествуваат, во рамки на наставниот процес или воннаставно.*
- *Период и фреквенција – кога се реализираат (по месеци, триместри или учебна година).*
- *Јавни настапи и соработка – дали има јавни презентации, учество на натпревари, соработка со институции (културни центри, музеи, театри и др.).*
- *Едукативна и промотивна вредност – како овие активности придонесуваат за развој на уметничките вештини и афирмација на учениците и училиштето.*

Се прикажува врската помеѓу наставната програма и практичната уметничка реализација, како и видливоста на ученичките постигнувања пред поширокатa јавност.)

8.7. Странски јазици што се изучуваат во средното училиште
(Се наведуваат странските јазици што се изучуваат, во колку паралелки, како и број на ученици).

Ред. бр.	**Странски јазик**	**Број на паралелки**	**Број на ученици**	**Забелешки** *(на пример: втор јазик, изборен предмет, ниво и сл.)*
1.	Англиски јазик	77	2419	во училиштето се изучува само англиски јазик

2.				

8.8. Изборна настава

Овој вид настава дава големи можности за остварување на целите на средното стручно образование, со тоа што овозможува:

- проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одредени наставни предмети за кои покажале интерес и афинитет;
- насочување на учениците т.е. нивните когнитивни, конативни и други способности, за професионално ориентирање и продолжување на понатамошното образование;
- дава можности за оспособување на учениците за избраното занимање;
- изборната настава е овозможена за учениците од трета и четврта година од сите образовни профили, кои имаат можност да се определат за изборни предмети во зависност од наставниот план на профилот. Од учебната 2021-2022 учениците се определуваат за еден предмет од изборниот модул во наставниот план.
- учениците се изјаснуваат за изборот на предметите во периодот по третото тромесечие, откако се информирани на ниво на класни заедници, совет на родители и родителски средби, преку пополнување на анкетни ливчиња.

Наставен профил	**Предмети во трета година**	**Предмети во четврта година**
Медицинска сестра	Медицинска етика	Геронтологија со нега
	Биологија	Биологија
	Хемија	Хемија
	Физика	Физика
	Информатика	Бизнис и претприемништво
Забен техничар	Основи на радиологија во дентална медицина	Компјутерски дентален дизајн
	Биологија	Биологија
	Хемија	Хемија
	Физика	Физика
	Информатика	Бизнис и претприемништво
Фармацевтски техничар	Козметологија	Фитотерапија
	Хемија	Хемија
	Биологија	Биологија
	Математика	Математика
	Информатика	Бизнис и претприемништво
Медицински лабораториско-санитарен техничар	Цитолошки и хистолошки техники	Заразни и незаразни заболувања
	Биологија	Биологија
	Хемија	Хемија
	Физика	Физика
	Информатика	Бизнис и претприемништво
Физиотерапевтски техничар	Итни медицински состојби	Физикална терапија во козметологија
	Биологија	Биологија
	Хемија	Хемија
	Физика	Физика

	Информатика	Бизнис и претприемништво
Гинеколошко акушерка сестра	Патолошка бременост	Неонатолошка нега
	Биологија	Биологија
	Хемија	Хемија
	Физика	Физика
	Информатика	Бизнис и претприемништво

Изборни предмети /втора година			
паралелка	Класен раководител	Број на ученици	Предмет
II 1 гак	Елена Димитриевска	10	8-Биологија 2-Патолошка бременост
II1 мс	Мелиха Умер	26	23-Биологија 1-Хемија 2-Медицинска етика
II2 мс	Биљана Стефаноска	33	33-Биологија
II3 мс	Сунчица Ивановска	30	29-Биологија 1-Хемија
II4 мс	Соња Станковска	30	30-Биологија
II5 мс	Жана Живадиновиќ	27	27-Биологија
II 1 фзт	Валентина Радуловиќ	34	32-Биологија 2-Итни медицински состојби
II 1 млст/	Ели Спиркова	24	23-Хемија 1-Цитолошки и хистолошки техники
II 2 млст	Ирена Стефановска	31	27- Биологија 3-Хемија 1-Цитолошки и хистолошки техники
II 1 фт	Василка Динева		24-Хемија 2-Козметологија
II 2 фт	Билјана А.Филкоска	23	23-Хемија
II 1 зт	Мирјана Цветкоска	34	34-Биологија
II 2 зт	Александра Милошевска	30	28-Биологија 2-Основни на радиолигија во дентална медицина

Изборни предмети /трета година			
паралелка	Класен раководител	Број на ученици	Предмет
III1 мс	Деница К.Михаиловска	32	32-Биологија
III2 мс	Маја Ш.Мрмова	29	26-Биологија 1-Хемија 1-Геронтологија со нега 1-Бизнис и претпиемништво
III3 мс	Катерина Анчева	33	32-Биологија 1-Бизнис и претпиемништво
III4 мс	Елизабета Сарафимова	34	18-Биологија 8-Хемија 6-Бизнис и претпиемништво 2-Геронтологија со нега
III5 мс	Наташа Глигоровска	33	15- Геронтологија со нега 14-Биологија 4-Хемија
III 1 фзт	Весна Атанасовска	34	34-Биологија
III 1 млст	Стефана Најдоска	31	17- Хемија 10- Заразни и незаразни заболувања 4- Биологија
III 2 млст	Весна Качаниклиќ	30	25-Хемија 2-Биологија 2-Бизнис и претпиемништво 1-Заразни и незаразни болести

III 1 фт	Васка Дојчиновска	34	34-Хемија
III 2 фт	Сања Димитриевска	30	22-Хемија 4-Биологија 2-Бизнис и претпиемништво 2-Математика
III 1 зт	Валентина Стаменковиќ	30	30-Биологија
III 2 зт	Весна Игнатовиќ	30	30-Биологија

8.9. Слободни изборни предмети/Содржини програмирани од училиштето

Ред. бр.	Година	Број на ученици	Изборен предмет	Име и презиме на наставникот	Начин на избор
1.	трета	34	Подготовка за вработување и работа	Жана Живадиновиќ	Дополнување на фонд на часови
2.	трета	34	Подготовка за вработување и работа	Анета Црвчевска	
3.	трета	34	Подготовка за вработување и работа	Шериф Селими	Дополнување на фонд на часови
4	втора	68	Екологија во здравствениот систем	Шкендије Јетиши	Дополнување на фонд на часови
5	прва	34	Светско наследство во рацете на младите	Менсур Али	Дополнување на фонд на часови
6	втора	34	Екологија во здравствениот систем	Илми Ковачи	Дополнување на фонд на часови
7	прва	120	Светско нследство во рацете на младите	Фатима Кривањева	Дополнување на фонд на часови

8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира за ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, заостануваат во постигањата по одделни наставни предмети поради различни причини (подолго отсуство, болест, потешкотии во учењето и други образовни потреби), како и за ученици упатени на поправни испити и испити на годината.

Целта на дополнителната настава е обезбедување дополнителна поддршка на учениците, надминување на потешкотиите во учењето, подобрување на знаењата, вештините и компетенциите и создавање услови за успешно напредување во воспитно-образовниот процес. Реализацијата се врши согласно Законот за средното образование и програмските насоки за организација на наставата.

Постапката за организирање на дополнителната настава се реализира преку:

- идентификација на учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка врз основа на континуирано следење на постигањата, резултатите од формативното и сумативното оценување и согледаните потешкотии во учењето;
- предлагање на ученици за вклучување од страна на предметните наставници;
- информирање и соработка со учениците и родителите/старателите;
- планирање на содржините и начините на работа согласно индивидуалните потреби и можности на учениците.

Дополнителната настава ќе се реализира преку различни форми и методи на работа, како што се индивидуална и групна работа, дополнително објаснување и обработка на наставните содржини, насочување кон поефикасни техники на учење, самостојна работа со наставни материјали и други активности за надминување на образовните потешкотии.

За учениците упатени на поправни испити и испити на годината, предметните наставници ќе изготват посебна програма за работа и распоред за реализација на дополнителната настава.

Распоредот за реализација на дополнителната настава по наставни предмети ќе се изготви по започнувањето на учебната година, врз основа на:

- бројот и потребите на учениците;
- утврдените образовни потешкотии;
- предлозите на предметните наставници;
- организациските можности на училиштето.

Дополнителната настава ќе се реализира континуирано во текот на учебната година, согласно Годишната програма за работа на училиштето и утврдениот распоред.

Стручната служба (психолог и педагог) го следи напредокот на учениците вклучени во дополнителната настава и, во соработка со наставниците и родителите/старателите, обезбедува советодавна и психолошко-педагошка поддршка.

Одговорни за реализација на дополнителната настава се предметните наставници, класните раководители, стручната служба и раководството на училиштето.

8.11. Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои во текот на задолжителната настава и другите воспитно-образовни активности покажуваат зголемен интерес, посебни способности, надареност или постигнуваат резултати над очекуваното ниво по одделни наставни предмети.

Целта на додатната настава е продлабочување и проширување на знаењата, развивање на способностите и интересите на учениците, поттикнување на креативноста, истражувачкиот пристап и развој на дополнителни компетенции. Организацијата на додатната настава се реализира согласно Законот за средното образование и програмските насоки за реализација на наставата.

Постапката за пријавување и избор на ученици за додатна настава се реализира преку:

- предлог од страна на предметниот наставник, врз основа на континуирано следење на постигањата, интересите, активноста и способностите на учениците;
- искажување интерес од страна на учениците за вклучување во активности по определени наставни предмети;
- консултација со стручната служба, согласно потребите и можностите на учениците.

Вклучувањето на учениците во додатна настава е доброволно и се реализира согласно нивните интереси, способности и афинитети.

Додатната настава ќе се реализира преку програми кои овозможуваат проширување и продлабочување на наставните содржини, подготовка за натпревари, учество во проекти, истражувачки активности, практични задачи, презентации и други форми на ученички ангажман.

Предметните наставници, во соработка со стручната служба, ги планираат содржините, методите на работа и динамиката на реализација на додатната настава. Распоредот за реализација по наставни предмети ќе се утврди по започнувањето на учебната година, врз основа на интересите и потребите на учениците, предлозите на наставниците и организациските можности на училиштето.

Додатната настава се реализира континуирано во текот на учебната година, согласно Годишната програма за работа на училиштето и утврдениот распоред.

Стручната служба го следи вклучувањето и напредокот на учениците, обезбедува советодавна и психолошко-педагошка поддршка и соработува со наставниците во насока на развој на потенцијалите и способностите на учениците.

Одговорни за реализација на додатната настава се предметните наставници, стручната служба и раководството на училиштето.

Планирани активности за поддршка и развој

За развој на потенцијалите на надарените и талентирани ученици училиштето ќе реализира:

- додатна настава и индивидуализирана поддршка согласно интересите и способностите на учениците;
- подготовка и учество на натпревари;
- учество во проекти, истражувачки активности и практични задачи;
- работилници, стручни предавања и менторска поддршка;
- јавни настапи и презентации на ученички достигнувања;
- активности поврзани со медицинската и здравствената струка;
- поврзување и соработка со ученици од други училишта, институции и организации.

Време на реализација

Активностите се реализираат континуирано во текот на учебната година, согласно утврдените потреби, интереси и можности на учениците и училиштето.

Следење на реализацијата

Напредокот на надарените и талентирани ученици се следи континуирано преку педагошка евиденција, анализи и извештаи.

Одговорни лица за реализација и следење се: директорот на училиштето, стручната служба (психолог и педагог), наставниците и членовите на стручниот тим за работа со надарени и талентирани ученици.

Целта на активностите е поттикнување на индивидуалните потенцијали на учениците, развивање на нивните знаења, способности и компетенции, како и нивна подготовка за понатамошно образование, професионален развој и активно учество во здравствениот систем и општеството.

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Работата со учениците со посебни образовни потреби во СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ – Скопје се реализира согласно Законот за средното образование, принципите на инклузивното образование и индивидуалните образовни потреби и можности на секој ученик.

Доколку во текот на учебната година се идентификуваат ученици со посебни образовни потреби, Училишниот инклузивен тим, во соработка со Инклузивниот тим за ученикот, ќе планира и реализира соодветни мерки за поддршка, вклучително и изработка и реализација на индивидуален образовен план (ИОП), согласно утврдените потреби на ученикот.

Доколку се утврди потреба од дополнителна поддршка, училиштето ќе иницира постапка за ангажирање на образовен асистент, со цел обезбедување успешна инклузија на учениците со попреченост во наставните, воннаставните и практичните активности.

Училишен инклузивен тим

Училишниот инклузивен тим го сочинуваат:

- директорот на училиштето;
- психологот;
- педагогот;
- наставници определени од училиштето;
- други стручни лица согласно потребите.

Задача на Училишниот инклузивен тим е планирање, координирање и следење на активностите поврзани со инклузивното образование, поддршка на наставниците и унапредување на инклузивната училишна практика.

Инклузивен тим за ученик

Инклузивниот тим за конкретен ученик го сочинуваат:

- класниот раководител;
- предметните наставници;
- психологот;
- педагогот;
- родителот/старателот;
- образовниот асистент (доколку е ангажиран);
- други стручни лица согласно индивидуалните потреби на ученикот.

Планирани активности и програми за поддршка

Училиштето ќе реализира активности и програми за поддршка на учениците со посебни образовни потреби преку:

- изработка и реализација на индивидуален образовен план (ИОП) и индивидуализирани пристапи во наставата;
- адаптација и прилагодување на наставните содржини, методи, форми на работа и наставни материјали;
- обезбедување психолошко-педагошка поддршка и советодавна работа со учениците;
- следење на образовниот напредок и редовна евалуација на постигнувањата;
- поддршка во развојот на комуникациски, социјални и практични вештини;
- соработка со родителите/старателите и размена на информации за напредокот на ученикот;
- соработка со надлежни институции, специјален едукатор и рехабилитатор и други стручни лица;

- примена на асистивна технологија и соодветни наставни средства согласно потребите на учениците.

Активностите ќе се реализираат континуирано во текот на учебната година, согласно индивидуалните потреби на учениците.

Одговорни лица за реализација и следење:
Директорот на училиштето, психологот, педагогот, наставниците, класните раководители, специјалниот едукатор и рехабилитатор, образовниот асистент (доколку е ангажиран) и родителите/старателите.

Целта на активностите е обезбедување еднакви можности за образование, поттикнување на индивидуалниот развој на учениците, развивање на нивната самостојност и активно и успешно учество во воспитно-образовниот процес.

8.14. План на образовниот медијатор

Образовниот медијатор учествува во активности насочени кон поддршка на редовноста, вклученоста, задржувањето во образовниот процес и унапредување на образовниот напредок на учениците од ромската заедница.

Работата на образовниот медијатор се реализира во координација со стручната служба на училиштето (психолог и педагог), класните раководители, предметните наставници и раководството на училиштето, преку континуирана комуникација, следење и размена на информации за навремено идентификување на ученици кои се соочуваат со потешкотии во адаптацијата, нередовно присуство, намалена мотивација за учење или ризик од напуштање на образованието.

Во текот на учебната година образовниот медијатор ќе ги реализира следните активности:

- редовно следење на присуството, вклученоста и напредокот на учениците од ромската заедница;
- воспоставување и унапредување на соработката помеѓу училиштето, семејството и локалната заедница;
- посредување и поддршка при надминување на образовни, социјални и комуникациски бариери со кои се соочуваат учениците;
- учество во превентивни и интервентни активности во соработка со стручната служба и наставниците;
- советодавна и информативна работа со родители/старатели за значењето на редовното посетување на наставата и образовниот напредок;
- учество во активности за развивање инклузивна училишна клима, почитување на различностите, еднакви можности и интеркултурно разбирање.

Време на реализација:
Активностите ќе се реализираат континуирано во текот на учебната година, согласно потребите на учениците и приоритетите на училиштето.

Следење на реализацијата:
Реализацијата на активностите на образовниот медијатор ќе ја следат директорот на училиштето, стручната служба (психолог и педагог), како и други определени членови на училишниот тим согласно потребите.

Очекувани резултати:

- подобрена редовност и активна вклученост на учениците во воспитно-образовниот процес;
- намалување на ризикот од осипување и предвремено напуштање на образованието;
- подобрена комуникација и соработка меѓу училиштето и родителите/старателите;
- навремено идентификување и надминување на пречките во образовниот процес;
- зајакната инклузивна училишна клима и обезбедување еднакви можности за сите ученици.

8.15. План на координаторот за практично образование

СМУГС"Д-р Панче Караѓозов"
SHMMQSH "D-r Pançe Karagjozov"

СРЕДНО МЕДИЦИНСКО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
„ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ“ – СКОПЈЕ

АКЦИСКИ ПЛАН

на координаторот за практична настава

Учебна 2026/2027 година

Изработил: Координатор за практична настава

Одобрил: Директор

Стратешка цел	Активности	Очекувани резултати	Индикатори за успех	Носители	Рок	Докази за реализација
Квалитетно планирање на практичната настава	Изработка на годишен план за практична настава	Навремено организирана практична настава	Усвоен годишен план	Координатор	Август–Септември	Годишен план
Обезбедување услови за реализација	Обновување и склучување договори со здравствени установи	Обезбедени места за практична настава	Потпишани договори	Координатор, директор	Август–Септември	Договори за соработка
Организација на практичната настава	Распределба на учениците по здравствени установи и ментори	Сите ученици навремено распоредени	Изготвени списоци	Координатор	Септември	Распоред, решенија

Стратешка цел	Активности	Очекувани резултати	Индикатори за успех	Носители	Рок	Докази за реализација
Подобрување на координацијата	Организирање координативни состаноци со наставниците по практична настава	Подобрена организација	Најмалку 4 состаноци годишно	Координатор	Континуирано	Записници
Зајакнување на соработката со здравствените установи	Редовна комуникација со координаторите и менторите	Подобрена соработка	Континуирана комуникација	Координатор	Континуирано	Белешки, записници
Следење на квалитетот	Посета и мониторинг на практичната настава	Подобрена реализација	Реализирани планирани посети	Координатор	Континуирано	Извештаи од увид
Следење на редовноста	Контрола на присуството и водење евиденција	Намален број изостаноци	Редовна евиденција	Координатор	Месечно	Дневници, евиденции
Безбедност при работа	Следење на почитувањето на протоколите за безбедност и професионална етика	Безбедна практична настава	Без сериозни отстапувања	Координатор, наставници, ментори	Континуирано	Извештаи
Развој на компетенции	Организирање едукативни работилници и предавања	Подобрени практични и професионални компетенции	Најмалку 2 реализирани работилници	Координатор	Октомври–Мај	Програми, фотографии, листи
Следење на постигањата	Анализа на резултатите од практичната настава	Подобрен успех на учениците	Изготвени анализи	Координатор, наставници	Полугодишно	Анализи
Поддршка на учениците	Организирање дополнителна практична настава	Комплетирани обврски	100% реализирана дополнителна практика	Координатор	По потреба	Евиденција
Самоевалуација	Спроведување анкети со ученици, наставници и ментори	Добиени препораки за подобрување	Спроведени анкети	Координатор	Јануари и Јуни	Анализа на анкети
Известување	Подготовка на полугодишен и годишен извештај	Навремено известување на директорот и Наставничкиот совет	Поднесени извештаи	Координатор	Јануари и Јуни	Полугодишен и годишен извештај

Стратешка цел	Активности	Очекувани резултати	Индикатори за успех	Носители	Рок	Докази за реализација
Унапредување на партнерствата	Проширување на соработката со здравствени установи	Нови можности за практична настава	Потпишани нови договори или меморандуми	Координатор, директор	Во текот на учебната година	Договори, записници

Начин на следење на реализацијата

- месечен увид во реализацијата на практичната настава;
- увид во педагошката документација;
- посети на здравствените установи;
- состаноци со наставници и ментори;
- анализа на успехот и присуството на учениците;
- полугодишни и годишни извештаи

8.16. План на образовниот асистент

Образовниот асистент обезбедува индивидуализирана поддршка на учениците со посебни образовни потреби, со цел нивно активно и рамноправно вклучување во воспитно-образовниот процес, развој на нивната самостојност, подобрување на образовните постигнувања и успешно социјално интегрирање во училишната средина.

Работата на образовниот асистент се реализира во континуирана соработка со предметните наставници, класните раководители, стручната служба, Инклузивниот тим на училиштето и родителите/старателите на учениците. Во согласност со индивидуалните потреби на учениците, образовниот асистент учествува во планирањето и реализацијата на соодветни форми на поддршка, следењето на напредокот и примената на мерки за олеснување на учењето и учеството во наставниот процес.

Во текот на учебната година образовниот асистент ќе ги реализира следните активности:

- обезбедување поддршка на учениците со посебни образовни потреби за време на наставата, со цел нивно активно учество во часовите, следење на наставните активности и развивање на самостојноста во учењето;
- соработка со предметните наставници и класните раководители во насока на усогласување на пристапите, методите и стратегиите за работа со учениците, како и обезбедување навремена и соодветна поддршка;
- учество во работата на Инклузивниот тим и соработка со психологот, педагогот и другите членови на стручната служба при следење на напредокот, идентификување на потребите и планирање на дополнителни мерки за поддршка;
- помош при адаптација и прилагодување на наставните материјали и активности согласно индивидуалните можности и потреби на учениците, со цел полесно совладување на наставните содржини;
- поддршка на учениците во развивање на комуникациски, социјални и практични вештини, како и поттикнување на нивната самодоверба и независност;
- остварување комуникација и соработка со родителите/старателите, со цел обезбедување континуитет во поддршката и размена на информации за напредокот и потребите на ученикот;
- водење редовна евиденција за реализираните активности, следење на постигнувањата на учениците и подготовка на извештаи за работата согласно потребите на училиштето.

Очекувани резултати од работата на образовниот асистент се: подобрена вклученост на учениците со посебни образовни потреби во наставниот процес, зголемена самостојност и мотивација за учење, подобрени образовни постигнувања, унапредена соработка меѓу

сите чинители во процесот на инклузивно образование и создавање поддржувачка и прифатлива училишна средина за сите ученици.

8.18. План на кариерниот советник и тимот за кариерно советување

Sh.M.M.Q.Sh. „Dr. Pançe Karagjozov“
ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ

Средно медицинско училиште на град Скопје

„Д-р Панче Караѓозов“

Академска 2026 / 2027 година

Кариерен советник: Индер Дестани

Скопје, 2026

Месец	Поле	Активност	Намена	Целна група	Очекувани резултати (квалитативни и квантитативни индикатори
септември	Работа со ученици	Презентација „Планирање на кариерата и неговата важност“	Да се подигне свеста кај младите за важноста на планирањето на кариерата и да се мотивираат да размислуваат за идните образовни патеки.	Учениците од II, III, IV	Вклученост најмалку 60% од учениците
		Дискусија за важноста и можностите за кариера во здравствената област	Да се разработат позитивните аспекти на добивањето информации и можноста за поставување приоритети за кариера во здравствената област	Учениците од II, III, IV година	Вклученост најмалку 70% од учениците
		Групна работа „Лична соодветност за кариера во здравството“	Да се обезбеди поддршка на учениците кои се на прагот да го изберат своето идно образование или кариера, преку разговори насочени кон интересот што го искажаа учениците. Да се разберат вештините што ги поседуваат, вештините што треба понатаму да ги развиваат, конкретните чекори што треба да ги преземат за да се подготват за кариера во здравството.	Учениците од IV година	Вклученост најмалку 60% од учениците
	Соработка и вмрежување	Комуникација со класните наставници	Воспоставување соработка помеѓу наставниците во училницата и тимот за кариерно советување за важноста на кариерите во здравството.	Класните раководители	Сите класни раководители во училницата
		Комуникација со претседателите на класови	Воспоставување соработка помеѓу претседателите на класови и тимот за кариерно советување за важноста на кариерите во здравството.	Претседатели на класови	Сите претседатели на класови во училиштето
		Средба со стручната служба на училиштето	Донесување одлуки за активностите и соодветна организација на програмата за кариерно советување.	Членови на училишната професионална служба	Сите членови на стручната служба во училиштето
	Обезбедување на квалитет	Планирање	Поставување цели, активности и индикатори за успех		

Октомври	Работа со ученици	Работилница „Планирање на кариера“	Да им се помогне на учениците да развијат вештини за откривање на компонентите и чекорите во нивниот кариерен план, фокусирајќи се на самооценување, самоспознание, идентификување на визија, лични вредности, интереси и вештини.	Учениците од IV година	Да им се помогне на учениците да развијат вештини за откривање на компонентите чекорите во кариерен пла
		Дискусија „Мотивација и кариера“	Дефиниции за лични мотивациски факти	Учениците од III, IV година	Вклученост н најмалку 70% од вкупниот број ученици
		Групна работа „Ментално здравје кај здравствените работници“	Обезбедете поддршка на учениците кои се на прагот да го изберат своето идно образование или кариера, преку водени разговори и подготовка на кариерен план.	Учениците од III, IV година	Вклученост н најмалку 70% од вкупниот број ученици
	Соработка и вмрежување	Информативна средба со родители	Да се информираат родителите за важноста од вклучување на нивните деца во изборот на кариера.	Родители на ученици од IV година	
		Средба со здравствен професионалец	Опишувајќи ја потребата од фокусирање на градење кариера	Ученици од III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
		Развој на пракса во релевантни здравствени установи	Важноста на праксите во здравствените професии	Учениците од II, III, IV година	Вклученост н најмалку 80% од учениците
	Обезбедување на квалитет	Изготвување табели за да се одразат извештаите и анализите од активностите во текот на учебната година	Пореално одразување на помошни податоци		
Ноември	Работа со ученици	Истражување: Улогата на средното училиште во подготовката за пазарот на трудот	Во отворена анонимна анкета ќе се добијат дополнителни податоци за концептот што го имаат учениците...како може да им се помогне во подготовката за пазарот на трудот.	Учениците од II, III, IV година	Вклученост н најмалку 70% од учениците
		Групна дискусија за кариерно советување „Идеи за мојата иднина“	Важноста на препознавањето на клучните врски што генерираат одлични идеи и евидентирање на идеите на секоја од нив преку техники на мапирање на умот.	Учениците од II, III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
	Соработка и вмрежување	Посета на саемот	Можност да се информирате за новостите на пазарот на трудот	Учениците од II, III, IV	Вклученост н најмалку 60% од учениците
		Средба со кариерни советници од средни училишта	Размена на идеи за подобрување на можноста учениците да имаат високо ниво на пристап до ресурсите што ги нуди кариерното советување.		
		Презентација: Фактори што влијаат врз изборот на фактори кај учениците	Учениците треба да бидат запознаени со факторите што влијаат врз изборот на кариера во различни училишта.	Учениците од IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
	Обезбедување на квалитет	Повратни информации	Анализа на мислења од ученици, професори и родители		
		Евалуација на податоци	Евалуација на податоците од презентацијата		
Декември	Работа со учениците	Дискусија: Кариера во условите на нашата земја	Побарувања на пазарот, можности за вработување и други врски во потенцијална кариера во здравството.	Учениците од II, III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
		Симулации на ситуации за професионални кариери	Играње улоги за тестирање како да се реагира на различни ситуации во планираната кариера.	Учениците од IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците

		Предавање: Донесување кариерни одлуки	Учениците ќе бидат запознаени со различни модели и техники за донесување одлуки (анализа на предности/недостатоци). Подобрена самодоверба во донесувањето одлуки.	Учениците од IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
	Соработка и вмрежување	Предавања од здравствени професионалци	Активно слушање на кариерни искуства од професионалци од различни здравствени институции.	Учениците од II, III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
	Обезбедување на квалитет	Евалуација: Медицинска кариерна ориентација	Тест за мерење на ефектот од кариерното советување преку анкета	Учениците од IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
Јануари	Работа со ученици	Презентација „Користење на емпатијата во комуникацијата“	Препознавање на емпатијата и нејзината важност во правилната комуникација во областа на здравствената заштита, како и дополнителните квалитети што таа ги дава на кариерата.	Учениците од II, III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
		Вежби: Знајте ги вашите вредности	Оваа вежба се прави за да се идентификуваат личните интереси и вредности.	Учениците од III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
		Индивидуален разговор	Обезбедете персонализирана поддршка за учениците кои се на прагот да го изберат своето идно образование или кариера, преку водени разговори и подготовка на индивидуален план.	Учениците од IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
	Соработка и вмрежување	Посета на невладина организација	Во невладините организации, комбинирањето на работата и професиите треба да се гледа како можност за кариера.	Учениците од IV година	Вклученост н најмалку 60% од учениците
	Обезбедување на квалитет	Обука и професионален развој	Учество во обука за кариерни советници		
Февруари	Работа со ученици	Работилница: Алтернативни амбиции на u;enicite	Да се поттикнат примарни или секундарни опции за кариера во иднина.	Учениците од II, III, IV година	Околу 60% о учениците
		Професионална ситуација	Студентите ќе имаат јасни кариерни цели и стратегии за нивно постигнување.	Учениците од IV година	Околу 60% о учениците
		Подготовка за интервју за работа	Специфични податоци за интервју за работа	Учениците од IV година	Околу 60% о учениците
	Соработка и вмрежување	Посета на приватна клиника	Информации за функционирањето на професионална кариера во приватна клиника	Учениците од IV година	Околу 60% о учениците
	Обезбедување на квалитет	Вмрежување и партнерство	Соработка со надворешни професионалци	Учениците од III, IV година	Околу 60% о учениците
Март	Работа со ученици	Креирање план за кариера	Подгответе персонализиран план за кариера за учениците, кој ќе им помогне да ги утврдат своите цели, интереси, вештини и конкретни чекори за понатамошно образование или кариера.	Учениците од IV година	Вклученост н најмалку 80% од вкупниот број ученици
		Групна работа	Одредени групи со слични интереси за професионални кариери	Учениците од III, IV година	Вклучување најмалку 60% од вкупниот број студенти
		Индивидуално кариерно советување	Подобрена самосвест и усогласување на интересите со можностите. Подготовка на индивидуални кариерни планови за дел од учениците.	Учениците од IV година	Вклучување најмалку 60% од вкупниот број студенти
	Соработка и вмрежување	Предавања од медицински професионалци	Информации за можностите за кариера во медицинската област.	Учениците од II, III, IV година	Околу 60% о учениците

	Обезбедување на квалитет	Повратни информации	Собирање податоци од ученици, родители и професори	Ученици од II, III, IV, родители, професори	Околу 60% о ученициte
Април	Работа со ученици	Анкета		Ученицite од II, III, IV	
		Симулации на професионални ситуации	Играње улоги за тестирање како да се реагира на различни ситуации во планираната кариера.	Ученицite од IV година	Околу 60% о ученициte
		Презентација „Улогата на професионалци од различни специјалности за исти здравствени ситуации“	Идеи собрани од учениците и соодветни насоки од училишните професионалци за да се охрабрат учениците да размислуваат за различни кариери и важноста на секоја од нив.	Ученицite од II, III, IV година	Околу 60% о ученициte
	Соработка и вмрежување	Волонтерска активност	Активност поврзана со специфични теми за лица со посебни потреби и специфични услуги за проценка, третман и закрепнување	Ученицite од II, III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од вкупниот број ученици
		Саем на професии и кариера	Да им се обезбеди на учениците директен поглед на различни образовни и професионални патеки за да се информираат за иднината	Ученицite од II, III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од вкупниот број ученици
	Обезбедување на квалитет	Подобрување на вештините за вработување	Студентите треба да напишат CV и мотивационо писмо	Ученицite од II, III, IV година	Околу 60% о ученициte
Мај	Работа со ученици	Индивидуално советување	Обезбедете персонализирана поддршка за учениците кои се на прагот да го изберат своето идно образование или кариера, преку водени разговори и подготовка на индивидуален план.	Ученицite од III, IV година	Вклученост н најмалку 60% од вкупниот број ученици
		Индивидуални разговори со студенти заинтересирани за кариерен развој	Обезбедете персонализирана поддршка за учениците кои се на прагот да го изберат своето идно образование или кариера, преку водени разговори и подготовка на индивидуален план.	Ученицite од IV година	Околу 30% о ученициte
		Работилница за видови здравствени професии и компетенции	Општа организација каде што ќе бидат споделени одбрани идеи за здравствени професии и можности за кариера.	Ученицite од II, III, IV година	Околу 60% о ученициte
	Соработка и вмрежување	Посета на факултети	Посета на факултети кои имаат медицински насоки	Ученицite од IV година	Околу 60% о ученициte
	Обезбедување на квалитет	Следење на современите кариерни трендови	Идентификување на нови методи за барање кариера што помагаат во пореални утврдувања на потребата од практикување професии во здравствената област	Ученицite од IV година	Околу 60% о ученициte
Јуни-Јули	Работа со ученици	Симулации на професионални здравствени ситуации	Емпатија, комуникација и управување со стрес во здравствени ситуации	Ученицite од II, III година	Околу 60% о ученициte
		Помош при напредокот на праксата	Почеток на општата летна сезона на пракси и консултации со персоналот за координација на пракси	Ученицite од II, III година	Околу 80% о ученициte
	Соработка и	Изготвување и доставување препораки до советот	Комуницирање препораки за подобрување на политиките и пристапите до кариерниот совет на годишна основа.		

	вмрежување	на настанот и раководството на училиштето.			
		Вршење пракса во разни здравствени установи	Исполнување на административни обврски, одредување на местото на работа во здравствени установи со кои училиштето има соработка.	Учениците од II, III година	До 100% од учениците
	Обезбедување на квалитет	Самоевалуација	Размислување на кариерен советник за работата		
		Планирање	Поставување цели, активности и индикатори за успех.		

Кариерен советник: Индер Дестани **Директор на училиште: Ивица Весов**

Тим за кариерно советување

1. Кординатор: Индер Дестани
2. Стручна служба: Валентина Костова Дамчевска, Кимете Ахмети, Лидија Лазаревска
3. Професори: Никола Стојановски, Захир Селими, Лидија Пшенко, Јесир Хоџа, Елизабета Сарафимова

9. Воннаставни активности

Покрај редовната настава, во училиштето ќе се реализираат и воннаставни воспитно-образовни активности преку кои ќе се поттикнува креативноста, љубопитноста, сознајните способности, самостојност и истрајноста во извршувањето на активностите. Целта е тие активности да влијаат на создавање на навики правилно и осмислено користење на слободното време, ставање на училиштето во функција на потребите на учениците, а сето тоа за оформување на учениковата личност. Тие имаат значајно место во изборот на идното занимање, а овозможуваат поттикнување и развивање на афинитетите и творечките способности, ги упатуваат во достигнувањата од науката.

Секој наставник реалиизра воннаставна активност преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развијат своите таленти.

Преку анкетен лист, учениците се изјаснуваат за соодветен Тим од понудените, а потоа под менторство на избран наставник, тековно ги реализираат.

Во структурата на Средношколската заедница ќе учествуваат следниве работни тимови:

-ТИМ ЗА КУЛТУРА (музичка,танчерска, драмска,ликовна)- ќе се грижи за организирање на културните манифестации програми за одбележување на значајни датуми

-ТИМ ЗА СПОРТ-ќе биде задолжен за организирање на спортски натпревари и турнири во училиштето. Ќе има за задача да го јакне спортскиот дух кај учениците и да организира посета на спортски манифестации.

-ТИМ ЗА НАУКА-ќе има за задача да ги поттикне истражувачките идеи кај учениците, да организира предавања на теми за кои учениците се заинтересирани. Тимот како своја цел ќе има зацртано организирање на натпревари и квизови во училиштето од различни научни области.

-ТИМ ЗА ЗДРАВСТВО- како идни медицински лица треба што е можно повеќе да бидеме во чекор со новите достигнувања во областа на медицината. Со таа цел овој тим ќе организира трибини, предавање и други едукативни програми на теми од областа на медицината.

-ТИМ ЗА ЕКОЛОГИЈА

Средношколската заедница е отворена за сите ученици во училиштето кои се заинтересирани за вклучување во нејзините активности.

9.1. Училишни спортски клубови

Во денешно време покрај големиот интелектуален напор на учениците потребно е да им се овозможат услови за здрав физички развој, што е во тесна врска со умствениот развој. Во однос на спортските активности, учениците земаат активно учество во Лигата натправари во екипни и индивидуални спортови под покровителство на Градоначалникот и Советот на Град Скопје и Здружението на професори по спорт и спортски активности на средните училишта на Град Скопје. Сите активности се кооординирани од спортскиот клуб на училиштето.

Учениците активно ќе учествааат и на останатите манифестации организирани и поддржани од Советот на Град Скопје, како и Сојузот на спортски здруженија. Исто така ќе се организираат и спортски турнири преку кои се одбележува 7 Април „Денот на здравјето“ и воедно Патронен празник на училиштето.

9.2. Ученички акции и волонтерство

Во рамките на училишните активности учениците се определуваат и вклучуваат во акции во зависност од нивните интереси, можности и способности. Подрачја за кои има посебен интерес се: Култура на здраво живеење (преку едукативни активности на нашите ученици со други училишта или институции, мали истражувачки проекти и сл.), природни науки (преку подготовка и учество на натпревари од областа на астронимијата, нано технологијата), урбана култура (посета на театарски, балетски и оперски претстави, изложби, промоции на книжевни изданија и сл.), проширување и продлабочување на знаењата од стручните предмети (прва помош).

Слободните активности во училиштето се одвиваат преку работа на тимови со нивни ментори. Работата на тимовите на проектните активности ќе се одвива во соработка со Секторот за јавни дејности на Град Скопје, Одделението за образование и Одделението за култура, Црвен крст, ЦСОО, со одредени содржини за работа и можности за презентација и поширока афирмација на учениците.

Училиштето има за цел да ги вклучи учениците во хуманитарни и други општествено- корисни работи за тие правилно да ја сфатат улогата на активно учество во животот, да развиваат чувство на припадност, емпатија и солидарност. Младинската организација како и изминатите години, така и оваа година ќе има низа на активности. Хуманитарните активности ќе се реализираат во согласност со нивниот календар на активности. Редовни крводарителски акции и учество на разни обуки и натпревари поврзани со јакнење на чувството на хуманост и одговорност во општеството. Организирање хуманитарни акции за помош на болни лица, социјално загрозени семејства, помош во облека, храна, средства за хигиена.

За да се остварат овие цели неопходно е да се:

- изгради позитивен став и чувство за одговорност при работата кај ученикот;
- развива истрајност во работата, уредност и навремено извршување на задачите;
- стекнат основните работни навики и вештини;
- создаде позитивен однос кон хуманитарната работа;

Содржини на планирани активности за остварување на горе поставените цели:

- Активности за собирање средства за новогодишни пакетчиња;
- Подготовка на новогодишна претстава;
- Изработка на ракотворби наменети за продажна изложба и правилна намена на собраните средства;
- Активности за одржување и уредување на културно-историските споменици и одбележување на значајни историски места;

- Организирање собирни акции;

Продажен базар.

9.3 Драмски, музички, ликовни и други настани

Ангажирањето на училиштето во рамките на својата воспитно-образовна дејност ќе се манифестира и преку разновидните културни активности, преку чие остварување ќе се вклучуваат во задоволување на културно-образовните потреби на локалната средина. Во тие рамки училиштето ќе остварува соработка со културни и образовни институции, воспитно-образовни институции, семејството, односно родителите/старателите.

И оваа како и претходните учебни години училиштето, само или во соработка со културни институции, ќе организира прослави на празници, јубилеи, посета на историски и културни објекти, културни манифестации (изложби, театарски, оперски и балетски претстави, поетски средби и сл.), ќе води сметка за одржување и негување на традицијата и обичаите од народното творештво и сл. Како и секоја година, така и оваа година учениците присуствуваат на повеќе театарски и балетски претстави, музички концерти и слично.

Традиционално, учениците ќе го посетат и Саемот на книгата, со цел стекнување љубов кон литературата и книгата, развивање на чувство за убавото, градење на општа култура и позитивни вредности.

Стручните активи на општествената и јазичната група предмети во своите програми ги прецизираат сите предвидени активности:

- одбележување на значајни денови и настани (пр. Светски ден на здравјето);
- одбележување на значајни настани од историјата на нашиот народ;
- одбележување на значајни настани од европската и светската историја;
- одбележување на патрониот празник на училиштето преку изготвување пригодна програма;

посета на музеи, институции од областа на културата, театарски претстави и културни манифестации.

10. Ученичко организирање и учество

Ученичкиот совет претставува легитимен орган кој ги застапува и претставува учениците и нивните интереси. Улогата на Ученичката заедница е да обезбеди подобра комуникација и соработка помеѓу учениците и наставниците, помеѓу учениците и училишното раководство, како и помеѓу самите ученици. Работи на подобрување на училишната клима, решавање на проблемите со кои се соочуваат учениците и се залага за нивно поголемо учество во процесот на планирање на развојот на училиштето. Исто така, го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, трибини, дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации.

Цели и задачи на Ученичкиот совет

1. подобрување на статусот на учениците во училиштето
2. подобрување на комуникацијата помеѓу учениците и наставниците, како и на комуникацијата помеѓу самите ученици
3. запознавање со проблемите на учениците и нивно решавање
4. афирмација на учениците и училиштето
5. вклучување на учениците во процесот на донесување на одлуки кои се однесуваат на нивната положба и работи кои непосредно ги засегаат
6. подобрување на квалитетот на настава
7. поттикнување на креативноста на учениците
8. воспоставување на комуникација со сите органи на училиштето за заедничко изнаоѓање на решенија на проблемите на учениците
9. поттикнување на пријателство и дијалог помеѓу учениците врз принципот на рамноправност и взаемно почитување

Права и должности

Членови на Ученичкиот совет се сите претседатели на заедници на паралелки на СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“.

Членовите ги имаат следниве права и должности:

1. активно да учествува во формирањето, спроведувањето и вреднувањето на активностите на тимот на училишната ученичка заедница
2. да придонесува за формите на осовременувањето на формите на делување и во афирмација на УС
3. да ги почитува и застапува целите и задачите на УС
4. да ја развива соработката и комуникацијата на членовите на УС
5. да ги почитува и промовира одлуките на УС

Членовите на Ученичкиот совет имаат мандат од една учебна година со право на уште еден последователен мандат.

Ученичкиот совет работи на седници. Седниците се редовни и вонредни. Редовните седници се одржуваат најмалку еднаш месечно, освен во месеците кога учениците се на распуст.

Ученичката заедница е составена од:

1. Претседател
2. Потпретседател
3. Секретар
4. Координатор по учебна година
5. Претседател на паралелка
6. Одговорен/и наставник
7. Претставник/ци од стручна служба
8. Ученички правобранител
9. Комисија за доверба и соработка

1.ПРЕДСЕДАТЕЛ

Претседателот се избира од редот на учениците кои се членови на Ученичкиот совет. За Претседател на УС може да се кандидира секој член на Ученичкиот совет. Одлука за избор на Претседател се усвојува со просто мнозинство од вкупниот број на членови.

Претседателот ги има следниве права и должности:

- го претставува Ученичкиот совет во земјата и странство
- ги свикува и води состаноците на тимот на Ученичкиот совет (најмалку еднаш месечно)
- се грижи за спроведување на одлуките и другите акти на Ученичкиот совет
- остварува и други обврски, одговорности и права кои ќе му ги довери Ученичкиот совет или се утврдени со овој Правилник

Мандатот на Претседателот изнесува една година со право на реизбор. Претседателот за својата работа одговара пред членовите на УС и останатите одговорни во ученичката кацеларија. Право да го разреши имаат членовите на УС доколку:

- o не ги извршува работните задачи;
- o му престане статусот на редовен ученик во Училиштето;
- o по сопствено барање;
- o по барање на најмалку две третини од вкупниот број ученици во паралелката, со доставени аргументи за неизвршување на задачите на претседателот на заедницата на паралелката; и

- ако неоправдано отсуствува на три последователни седници на Ученичкиот совет.

Предлог за разрешување на Претседателот може да поднесат најмалку една третина од вкупниот број на членови.

Одлука за разрешување на Претседателот се усвојува со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.

2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ

Потпретседателот ги има правата, обврските и одговорностите на Претседателот во негово отсуство.
Одлука за избор на Потпретседател се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на состанокот.
Мандатот на Потпретседателот изнесува една година со право на реизбор.
Функцијата може да престане и пред истекот на мандатот доколку:

- не ги извршува работните задачи;
- му престане статусот на редовен ученик во Училиштето;
- по сопствено барање;
- по барање на најмалку две третини од вкупниот број ученици во паралелката, со доставени аргументи за неизвршување на задачите на претседателот на заедницата на паралелката; и
- ако неоправдано отсуствува на три последователни седници на Ученичкиот совет.

Предлог за отповикување на Потпретседател може да поднесат најмалку една третина од членовите на УС.
Одлуката за отповикување на Потпретседател се усвојува со двотретинско мнозинство присутните членови на состанокот на УС

3.ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Секретарот на УС е административно-техничко лице кое го бираат членовите на УС со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на УС.

Предлог за избор на секретар поднесува Претседателот или најмалку тројца членови на УС.

Секретарот ги има следните обврски, одговорности и права:

- води регистар на членови и архива
  подготвува материјали за состаноците
  остварува и други обврски, права и одговорности кои ќе му ги довери на тимот
- ü учествува во работата на Комисијата за доверба и соработка

Мандатот на Секретарот е една година со право на реизбор. Секретарот е одговорен за својата работа пред тимот, кој има право да го отповика и пред истекот на мандатот доколку:

- не ги извршува работните задачи;
- му престане статусот на редовен ученик во Училиштето;
- по сопствено барање;
- по барање на најмалку две третини од вкупниот број ученици во паралелката, со доставени аргументи за неизвршување на задачите на претседателот на заедницата на паралелката; и
- ако неоправдано отсуствува на три последователни седници на Ученичкиот совет.

Предлог за отповикување може да поднесат најмалку една третина од членовите на тимот на УС.

Одлуката за отповикување се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на УС.

4. КООРДИНАТОР НА УЧЕБНА ГОДИНА

Координаторот на учебна година ги застапува правата и интересите на учениците од соодветната година. За Координатор на учебна година може да се кандидира секој член на УС од соодветната година, а изборот се врши со мнозинство гласови.

Претседателот на година ги има следните обврски, одговорности и права:

- ги пренесува информациите од состаноците на Претседателството до другите претседатели од неговата генерација
- организира состаноци со другите претседатели од генерацијата
- активно учествува во работата на УС и Претседателството
- покренува иницијативи

Мандатот на Претседателот на година е една година со право на реизбор. Претседателот на година е одговорен за својата работа пред тимот, кој има право да го отповика и пред истекот на мандатот доколку:

- o не ги извршува работните задачи;
- o му престане статусот на редовен ученик во Училиштето;
- o по сопствено барање;
- o по барање на најмалку две третини од вкупниот број ученици во паралелката, со доставени аргументи за неизвршување на задачите на претседателот на заедницата на паралелката; и
- o ако неоправдано отсуствува на три последователни седници на Ученичкиот совет.

Предлог за отповикување може да поднесат најмалку една третина од членовите на тимот на УС.

Одлуката за отповикување се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на УУЗ.

5.ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПАРАЛЕЛКА

Претседател на паралека е претставник на паралелката во Ученичкиот совет. Избран е на демократски начин, со гласање, од страна на сите ученици на паралелката. Негова задача е:

- o ги претставува учениците од заедницата на паралелката во Ученичкиот совет, и пред другите тела на училиштето;
- o ги информира учениците од заедницата на паралелката за работите за кои се одлучува во Ученичкиот совет;
- o организира расправи во паралелката за конкретни прашања и проблеми;
- o се грижи за мирно решавање на споровите во класот;
- o соработува со претседателите на другите заедници на паралелки; и
- o соработува со постојаните и повремените комисии.

На претседателот на заедницата на паралелката, мандатот му престанува пред истекот на рокот во следниве случаи:

- o не ги извршува работните задачи;
- o му престане статусот на редовен ученик во Училиштето;
- o по сопствено барање;

- по барање на најмалку две третини од вкупниот број ученици во паралелката, со доставени аргументи за неизвршување на задачите на претседателот на заедницата на паралелката; и
- ако неоправдано отсуствува на три последователни седници на Ученичкиот совет.

Доколку на претседател на заедницата на паралелката му престане мандатот пред истекот на рокот, се врши избор на нов претседател во рок од 8 денови од денот на престанокот на мандатот, по истата процедура

6. ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК

Во работата на Ученичкиот совет, на предлог на наставниците и стручните соработници учествуваат двајца претставници од редот на наставниците и еден претставник од редот на стручните соработници, избрани од Наставничкиот совет на Училиштето.

Мандатот на наставниците и стручните соработници е една учебна година.

Наставниците и стручните соработници - членови за ученичкиот совет учествуваат во работата на Ученичкиот совет, без право на глас.

7. ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНА СЛУЖБА

Во работата на Ученичкиот совет, на предлог на наставниците и стручните соработници учествуваат двајца претставници од редот на наставниците и еден претставник од редот на стручните соработници- Лидија Лазаревска(психолог) избрани од Наставничкиот совет на Училиштето.
Мандатот на наставниците и стручните соработници е една учебна година.
Наставниците и стручните соработници - членови за ученичкиот совет учествуваат во работата на Ученичкиот совет, без право на глас.

8. УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Во Училиштето се избира Ученички правобранител, кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во Училиштето и ги застапува учениците пред стручните органи и консултативните тела наУучилиштето.
Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од редовните ученици во Училиште, по пат на тајно гласање.
Ученичкиот правобранител се избира со мандат од две години, односно додека има статус на редовен ученик.

Ученичкиот правобранител посетува обука за човекови права и заштита од дискриминација, организирана од Државната комисија за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител.

9.КОМИСИЈА ЗА ДОВЕРБА И СОРАБОТКА

Во Ученичкиот совет се основаат Координативно тело на ученичкиот совет и Комисија за доверба и соработка.

Комисијата за доверба и соработка е составена од:

- генералниот секретар на Ученичкот совет;
- еден член, наставник или стручен соработник, од редот на членовите на Ученичкиот совет;
- еден член, од редот на учениците - членови на Ученичкиот совет.

Изборот на членовите на Комисијата за доверба и соработка се врши на седница на Ученичкиот совет.

Комисијата од ставот 1 на овој член која одржува состаноци по потреба, ги решава споровите помеѓу учениците и наставниците, помага за унапредување на комуникацијата помеѓу учениците и наставниците, остварува соработка со единиците на локалната самоуправа и националните образовни институции, ја следи работата на Ученичкиот совет и функционирањето на заедниците на паралелките и друго.

11. Вонучилишни активности

11.1. Ученички екскурзии

Екскурзиите се составен дел на воспитно образовната работа. Според функцијата, целите и задачите, екскурзиите можат да бидат: екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми, завршни екскурзии, стручно-истражувачки екскурзии и спортско-рекреативни. Според програмските барања и можности на училиштето во текот на наставната година може да се организираат и наставно-научни екскурзии со цел посета на соодветни институции, културни споменици и знаменитости. Целта на овие екскурзии ќе биде во насока на проширување и продлабочување на знаењата на учениците. За успешна реализација на планираните екскурзии ќе бидат назначени одговорни наставници, класните раководители и предметни наставници.

Оваа учебна 2026/2027 година се планира реализација на две еднодневни екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми. Доколку постои интерес за реализирање на екскурзијата надвор од државата, училиштето ќе постапи согласно Правилникот за реализрање на ученички екскурзии.

Предлог табела

ПРОГРАМСКА СОДРЖИНА	ВРЕМЕ	МЕСТО	ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ
Еднодневна екскурзија поврзани со теми и содржини од наставните програми	Учебна 2026/27	Посета на историски места, културни споемници, музеи и домови на културата во Република Северна Македонија	-развивање позитивен однос кон националните, уметничките, научните и општокултурните вредности во РМ -рекреација на ученици -грижа за природата и развивање чувство за патриотизам, толеранција и соживот -формирање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности

Еднодневна екскурзија поврзани со теми и содржини од наставните програми (за I-IV година)	Учебна 2026/27	Посета на локалитети значајни за природните богатства на Република Северна Македонија	- рекреација на учениците - практикување еколошки навики и развивање на еколошка свест - позитивен однос кон природните убавини -проширување на знаења од областа на физиката, историјата, стручни предмети и сл.
Повеќедневна екскурзија за III година	Април, 2027	Надвор од границите на Република Северна Македонија	Обиколка и разглед на културно историски локации и споменици, како и посета на музеи, знаменитости.
Повеќедневна екскурзија за IV година	Април, 2027	Надвор од границите на Република Северна Македонија	Обиколка и разглед на културно историски локации и споменици, како и посета на музеи, знаменитости.
Дводневна наставно – научна екскурзија за учениците од втора година	Учебна 2026/27	Посета на места во Република Северна Македонија од особен значај за културното материјално и природно наследство	Запознавање со историското и културно наследство на нашата земја

11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

12. Натпревари за учениците

12.1. Учество на општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни натпревари

На своите настапи на смотри, квизови, ликовни колонии, натпревари и сл. што се организираат по разни поводи и позначајни датуми од животот и работата на училиштето и на локалната средина, учениците ќе ги презентираат своите постигнувања. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се развива и продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се продлобочуваат и збогатуваат знаењата, се развива натпреверувачки дух, се зближуваат учениците од различни средини. Значаен фактор за помасовно учество на учениците и постигнување на подобри резултати е начинот на подготвувањето на учениците. Најпогодна форма за подготовка се слободните активности, ангажирање преку училишните тимови, како и додатната настава. Од наставниците се очекува да ги упатуваат при изборот на литература, да укажуваат во начините и можностите за продлабочување на знаењата и рационално да ја користат литературата.

Традоционално, нашето Училиште зема активно учество на манифестацијата Образовно рандеву, во организација на МАССУМ за средни стручни училишта на која учествуваме во повеќе категории: најдобар штанд, бенд, јавно говорење, бизнис

план, модна ревија, фотографија, кратоk филм, претстава и друго, како и на натпревари организирани од Народна техника, Технолошки факултет, Прва помош - Црвен крст на Град Скопје, натпревари по латински јазик, физика, математика, биологија, англиски јазик, „Музички смотри“ и др.
Предлог табела

Натпревари организатор	**предмет**	**процедура на избор**	**Одговорни наставници**	**Тимаска поддршка**	**Финснскиски потреби**	**Поддршка пд Совет на родители**
Државно првенство во пливање под раководство на Федерација на училишен спорт на Македонија.	Спорт и спортски активности	Ученици кои се во пливачки клуб	Актив по спорт	Актив	Материјална подготвка	по потреба
Латински јазик Здружение на класични филолози Антика при Институтот за класични стидии на Филозофскиот факултет на УКИМ	Латински јазик	Ученици активни на додатна настава	Професори по латински јазик	Актив	Материјална подготвка	по потреба
Екипни спортски натпревари на училиштатат на Град Скопје	Спорт и спортски активности	ученици кои учствуваат во училишен спортски тим	Актив по спорт	Актив	Материјална подготвка	по потреба
Месец на наука - учество на сите училишта од државата	Биологија Хемија Физика	Ученици активни на додатна настава	Актив прииридни науки		Материјална подготвка	по потреба
Технолошко - металуршкиот факултет се одржа натпревар	Стручни фармацевтски предмети	Ученици активни на додатна настава	Актив фармација	Актив	Материјална подготвка	по потреба

на тема Нано материјали – материјали на иднината						
Македонско биолошко друштво	Биоологија	претходен училиштен натпревар	Професори по биоологија	Актив	Материјална подготвка	по потреба
Државен музички натпревар	Музичка култура	ученици кои се стакнуваат во музика	Професори по музичка култура			по потреба

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Согласно Програмата на МОН и Град Скопје за интегрирано средно образование нашето училиште активно се вклучи во Проектот за мултиетничка интеграција на младите во образованието. Сгласно насоките од Град Скопје, изготвен е акциски план. (16.11. во овој документ)

Во учебната 2026-2027 година, планирана е реализација на заеднички часови од различни наставни јазици, каде учениците ќе имаат можност заеднички да имат спортски активности, да градат меѓусебна доверба, да ги елиминираат стереотипите и предрасудите едни за други, да научат да се прифаќаат и да ја продлабочат соработката. Овој проект ќе се изведува во рамките на редовната настава, потпомогнато од неколку планирани воннаставни работилници во кои ќе се вклучат и ученици од другите години, а ќе се заокружи со финален производ што ќе биде резултат на заедничката работа на учениците.

Како и претходните години, заеднички мали училишни проекти на ученици кои следат настава на различен јазик ќе се реализираат преку следниве воннаставни активности:

- Организирање на спортски активности по повод патрониот празник на училиштето со мешани тимови од ученици кои учат на македонски и албански наставен јазик;
- Организирање на работилници за промовирање на културата на заедниците од кои потекнуваат учениците во училиштето (македонска, албанска, ромска);
- Реализација на проект за меѓуетничка интеграција со друго училиште – воспоставување соработка со основно училиште
- Планирано е продолжување на соработката со партнер училиште

Во училиштето се организираат трибини, спортски натпревари и други воннаставни активности на кои учествуваат ученици од различна јазична, национална и верска припадност, со што акцентот се става на развивањето на толеранцијата, почитување на сопствената, културата и традицијата на другите и соживотот.

Меѓуетничките односи на учениците се релативно добри и истите се одржуваат преку ангажирање и залагање на сите вработени во училиштето. Односот на заемно почитување помеѓу наставниците и учениците е релативно коректен, без посебни поединечни отстапувања од кодексот на однесување. Чувство на родителите/старателите е дека децата им се задоволни и среќни во училиштето (со

одредени исклучоци) и дека генерално имат добра комуникација со наставниците и меѓу самите ученици.

План на активности

Очекуван резултат 1: Меѓуетничката интеграција е составен дел од годишната програма за работа на училиштата						
	Опис на активноста	**Одговорни институции**	**Временска рамка**	**Индикатори**	**Ресурси**	**Поддршка и следење**
1.1.	-Инкорпорирање на активности од МИМО во Годишните планирања на Стручните активи, во Програмата на Училишната ученичка организација (ученички парламент)	Стручни активи СИТ-от на училиштето	август, 2025	Подобрување на меѓуетничката комуникација	Планирање на наглед средства со кои располага училиштето	Директор, стручна служба, стручни активи
1.2.	Одржување на обука за МИМО, за наставнот кадар и претставниците на УУЗ и запознавање со Акцискиот план	СИТ-от на училиштето	август, 2025	Запознавање со стратегијата на Град Скопје за МИМО и граѓанска вклученост на младите	Изготвен материјал за обуката, кој се базира на стратегијата	Директор, стручна служба, одговорн професор за УУЗ
1.3	- Усогласување на тематските планирања со цел одржување заеднички часови, каде ќе има можност меѓу паралелки од двата наставни јазика (на пр, Спорт, Практична настава, Ликовна уметност, Музичка култура) - Изработка на тестови на знаење еднакви за двата наставни јазика - Подготовки и учество на МАССУМ - Подготовки за учество на натпревари	Стручни активи СИТ-от на училиштето	Тековно	Надминување на етнички, култури и јазични препреки	Планирање на наглед средства со кои располага училиштето	Директор, стручна служба, стручни активи

	- Реализација на културни настани - Еко активности - Хуманитрани активности					
1. 4.	Аплицирање, планирање и реализација на соработка со партнер училиште	Тим за соработка	Тековно	Вклученост на учениците и развивање на нивните комуникациски вештини	Средства во рамки на проектот за соработка СИТ	Директор, стручна служба, стручни активи
1. 5.	Работилници кои опфаќаат теми кои ја поттикнуваат толеранцијата, соработката и надминување на стереотипите во однос на различни национални и културни заедници кои живеат во Република Северна Македонија	Училиштето СИТ-от на училиштето	Во текот на цела година	Младите самостојно да ги решаваат проблемите со кои се соочуваат во секојдневието Надминување на меѓусебните недоразбирања со толеранција и почит	Помагала со кои располага училиштето	Директор, стручна служба, стручни активи
1. 6.	Реалзиација на активности за промоција на Училиштето	Училиштето СИТ-от на училиштето	Во текот на цела година	Запознавање на основните училишта, заедницата и ситезаинтересирани субјекти со работата на училишптето	Помагала со кои располага училиштето	Директор, стручнаслужба, стручни активи а
Очекуван резултат 2: Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (пр. училиштен весник, училишно радио, интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче и сл.).						

	Опис на активноста	**Одговорни институции**	**Временска рамка**	**Индикатори**	**Ресурси**	**Поддршка и следење**
2.1.	Реализација на активности за одбележување значајни датуми, трибини, екскурзии, хуманитарни акции, подготовки за натпревари, учество на манифестации од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво	Училиштето Организатор на настанот	Во текот на цела година	Мотивирани наставници и ученици	Помагала со кои располага училиштето	Директор Стручна служба Наставници
2.2.	Планирање, организирање и реализација на еколошки акции и уредување на училишниот прстор	Училиштето Еко одбор	Во текот на цела година	Чиста животна средина	Помагала со кои располага училиштето	Директор Стручна служба Наставници
2.3.	Ажурирање на училишната интернет страница	Училиштето	Во текот на цела година	Промовирање на училиштето пред пошироката јавност	Постојан пристап до интернет	Директор Стручна служба Наставници Ученици
2.4	Реализација на мали училишни проекти, (на пример за едукација од здравствена област)	Училиштето, предучилино организации, основи училишта, старски домови	Во текот на година та	Мотивирани наставници, ученици и родители	Помагала со кои располага училиштдето	Директор Стручна служба Стручни активи
<u>Очекуван резултат 3:</u> Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и во воннаставните активности. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во поширокатa средина.						
	Опис на активноста	**Одговорни институции**	**Временска рамка**	**Индикатори**	**Ресурси**	**Поддршка и следење**

3. 1.	Соработка со Црвениот крст – вклучување на училиштето, односно интегрирање на учениците во реализацијата на Годишната програма за работа на Црвениот крст (организирање крводарителска акција, хуманитарни акции). Средба на СИТ-от од училиштето со одговорните од Црвен Крст на Град Скопје со цел подготовка на Акционен план за учебна година	СИТ-от на училиштето Училиштето Црвен крст на општина Центар и Град Скопје	Акционен план – септември Во текот на цела година	Заинтересирани наставници, ученици, родители кои би се вклучиле во работата на општината	Материјални средства со кои располага училиштето и Црвен Крст на општината	Училиштето Црвен крст на општина Центар И Град Скопје
3. 2.	Соработка со невладиниот сектор, волонтерско вклучување на учениците, интегрирање на учениците, родителите и наставниците во активностите.	СИТ-от на училиштето Училиштето Невладини организации, општина Центар, Град Скопје	Акционен план – септември Во текот на цела година	Заинтересирани наставници, ученици, родители кои би се вклучиле во проектите	Средства со кои располага училиштето и општината, НВО	Училиштето Општина Центар, Град Скопје
3. 3.	Воспоставуваање соработка со училиште во кое се работи на еден наставен јазик и планирање проект во рамки на воннаставните активности	СИТ-от на училиштето Училиштето Наставници – носители на проектот	Акционен план – септември Во текот на цела година	Заинтересирани ученици, родители, кои би придонеле за реализацијата на наставните и воннаставните активности	Средства со кои располагаат училиштата	Училиштата

3.4	Учество во проектот Заеднички часови	Град Скопје СИТ-от на училиштето Училиштето	Во текот на учебната година	Вклученост на сите ученици од паралелки на двата наставни јазици за изучување на јазикот на другиот	Предметни Наставници	Координатор за МИМО во училиштето

14. Проекти што се реализираат во СМУГС " др.Панче Караѓозов"

Здружение за хумана репродукција и биомедицинско потпомогнато оплодување-До бебе патот на ИВФ	Мали избори-големаиднина	СМУГС „Панче Караѓозов"
За Младите во ОКВ	Активни и здрави млади-креативен развој и животни вештини	Во сите средни училишта на Град Скопје
Здружение за култура АЛЕРНАТИВЕН ТЕАТАР ОТПИШАНИ-СКОПЈЕ	Кој е тука кловн-Театарска претстава против булинг	Во сите средни училишта на Град Скопје
Здружение за лица со комбинирани пречки во развојот Асоцијација Гаспар	Бесплатна психолошка поддршка за ученици, превенција од насилство и болести на зависност	Во сите средни училишта на Град Скопје
Здружение за културна мотивација КУЛТИВАТОР-Скопје	Со велосипед и тротинет насекаде низ Скопје	Во сите средни училишта на Град Скопје

14.1. Национални проекти

Училиштето го поддржува вклучувањето и учеството и на наставниците и на учениците подеднакво во разни воннаставни активности што ги организираат други институции и НВО, но неопходна е и финансиска поддршка за реализација на воннаставни проектни активности на теми од струката за ученици од различно етничко потекло со цел зголемување на меѓусебната соработка и толеранција, развивање на личните, социјалните и стручните компетенции. Дел од овие активности во форма на проекти ќе бидат реализирани со поддршка од Град Скопје, Сектор за образование, и МОН и тоа во повеќе области:

- Справување со актуелните предизвици на сите членови на училишните заедници.
- Психосоцијална помош на членовите на училишната заедница за справување со разните форми на насилството, а во прв ред со сајбер-насилството кое стана актуелно за време на учењето од далечина.
- Едукација и промоција за градење на здрави животни стилови кај младите преку јакнење на свеста кај средношколците и поширокаата јавност за личната

одговорност во заштитата на сопственото физичко, психичко, сексуално и репродуктивно здравје.

- Истражувања и промоција на родовата рамноправност, ученичките права, слободи и развој на креативноста кај учениците.
- Помош и поддршка на кариерниот развој на учениците.
- Организирање манифестации на кои ќе се презентираат училишните постигнувања, ќе се промовираат најдобрите ученици и ќе се претстават резултатите на воспитно-образовната дејност пред поширокатa јавност.
- Унапредување на безбедноста во училиште и спречување на насилство (изразено во секоја форма).
- Унапредување на здравјето на учениците и животната средина.
- Истражување и промоција на ученичките права, слободи и различности.
- Поттикнување на претпроемачкиот дух и способности со цел зголемување на конкурентноста на младите.

Локална заедница

Со интенцијата за проширување на практичните бази и остварување тесен контакт со институциите како социјален партнер, се едуцираат кадри кои ќе бидат способни да се снајдат во современиот свет полн со информации и технички новини, подготвени веднаш и флексибилно да се вклучат во работа по завршеното образование.

Соработката со здравствените организации кои се наставно-научни бази за обавување на практичниот дел од наставата и феријалната практика ќе биде институционализирана врз основа на договори во кој ќе се прецизираат правата и обврските на училиштето и здравствената организација, изработени и препорачани од ЦСОО. Тенденција е оваа соработка да се реализира по однапред утврден и правно регулиран договор.

Училиштето континуирано воспоставува соработка со потпишување Меморандуми со здравствени институции.

Институции од областа на културата

Стручниот актив по општествени предмети реализира активности како посета на театарски претстави, концерти, музеи, изложби и друго. Преку овие активности учениците имаат можност да ги прошират видиците и да ја поттикнат својата креативност и уметнички талент.

Институции од областа на образованието

Оваа учебна година се планира соработка со:

- повеќе училишта пред сè од здравствена струка низ размена на искуства преку средби на наставници и ученици, а во перспектива и изработка на заеднички мали училишни проекти;
- основните училишта за запишаните ученици во нашето училиште, како и презентации за упис во наредната учебна година;
- продлабочување на контактите помеѓу стручните служби за прашања од својата програма за работа, а посебно од подрачјето на студиско-аналитичката и истражувачката работа и активности на стручно усовршување. Во својата работа стручната служба е поврзана со повеќе институции: Филозофски факултет-Институти за педагогија и психологија. Актив на стручни служби на Град Скопје, Завод за ментално здравје, Завод за грижа и социјална заштита со цел тимски, стручен и интердисциплинарен приод кон разрешувањето на проблемите;
- Одделението за образование при секторот за јавни дејности на Град Скопје – континуирана соработка во повеќе области;
- Центарот за стручно образование и обука – богата соработка во насока на изработка на наставни планови, наставни програми, учебници, стандарди, тестови;

· Бирото за развој на образованието – перманентна соработка со цел поквалитетно реализирање на наставата;
· Центарот за образование на возрасни – континуирана соработка за верификација на нови модуларни обуки за занимања;
· Факултетите кои нудат наставна насока за своите студенти – со цел да им се овозможи практика на идните наставници и со тоа да се подобри квалитетот на идниот наставен кадар.

Невладини организации

Училиштето е отворено за соработка со невладините организации (Детска амбасада Меѓаши, МАССУМ, ОБСЕ) во повеќе проекти. За секој проект соработката ја воспоставува врз основа на претходно добиена согласност од МОН и Град Скопје или потпишан Меморандум за соработка.

Спортски друштва

Стручниот актив по спорт и спортски активности има регистрирано спортски клуб кој го носи името на училиштето и е вклучен во повеќе активности организирани од Агенцијата за млади и спорт, Сојузот на спортски здруженија, Здружението на професори по спорт и спортски активности на средните училишта на Град Скопје.

Здравствени организации

Традиционално, Активите по стручни предмети земаат активно учество на манифестациите на Здруженијата на медицински сестри и акушерки на Република Македонија, Здружението на забни техничари, Здружението на фармацевтски техничари, Лекарска комора на Македонија и сл. Учеството е преку заеднички проекти, презентации, следење на конференции и семинари.

14.2. Еразмус+ и други меѓународни проекти

Целта на меѓународната соработка е воспоставување мостови за контакт и соработка за размена на ученици во функција на стекнување нови искуства во струката учество на заеднички проекти, размена на наставници, усогласување на наставните планови и програми од здравствена струка, како и развивање на можности за учење по пат на видео конференции. Од првата средба организирана од страна на нашето училиште произлегоа неколку заеднички проекти и идеи за апликации за проекти, како и можности за организирање натпревари од областа на стручните предмети. Во иднина ќе учествуваме на средби на здравствените училишта од регионот Македонија, Словенија, Србија, Албанија, Босна, Германија, Бугарија и Хрватска. Со цел продолжување на соработката и за вклучување на наставници во проект за изработка на е-лекции од стручните предмети. Исто така ќе продолжи и реализацијата на проектот RYKO, за регионална соработка.

Во рамки на Еразмус плус програмата ќе ја продолжиме соработката со средното училиште од Шведска, а нашите ученици како и досега ќе учествуваат на отворените повици на програмите YES и размена на ученици со збратимениот град Темпи, Аризона преку отворени повици на Секторот за меѓународна соработка на Град Скопје.

Програма за Еразмус проекти-координатор Маја Филиповски

Во текот на учебната 2025/26 год. се посвети значително внимание на меѓународната соработка и интернационализацијата на училиштето преку активностите во рамките на програмата **Еразмус+**.

Нашето училиште во два наврати беше домаќин на ученици и наставници од партнерското училиште **Curt Nicolin Gymnasiet** од Финспанг, Кралството Шведска. За време на посетите беа реализирани заеднички стручни работилници, презентации, практична настава и посети на современи заботехнички лаборатории и здравствени установи. Учениците имаа можност непосредно да разменат знаења, искуства и добри практики од областа на современата дентална технологија, а наставниците разменија искуства во

однос на организацијата на стручното образование и практичната настава. Овие активности дополнително ја зацврстија долгогодишната соработка помеѓу двете училишта.

Во рамките на програмата **Еразмус+**, нашето училиште успешно реализираше практична обука за ученици од Медицинската школа од Крагуевац, Република Србија. Практичната работа се реализираше во здравствени установи и приватни заботехнички лаборатории во Скопје, каде учениците имаа можност да се запознаат со организацијата на здравствениот систем, современите технологии и начинот на работа во нашите институции. Покрај стручниот дел, беа организирани и културно-образовни активности, со што дополнително се зајакна меѓународната соработка и размената на искуства.

Особено значајна активност во текот на учебната година беше подготовката и поднесувањето на две нови апликации во рамките на програмата **Еразмус+** – **КА122** и **КА220**. Со овие проекти се предвидува понатамошно унапредување на квалитетот на стручното образование, развој на дигиталните компетенции, модернизација на практичната настава и проширување на меѓународната соработка со партнерски училишта и институции од Европа. Според резултатите од евалуацијата на проектните апликации од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, **Еразмус+** – **КА122 VET** проектот ни е одобрен и ќе пристапиме кон подготовки за негова реализација во тековната учебна 2026/27 год. додека апилкацијата за **КА220** е ставена во резервна листа на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Во план и припрема се апликации за нови Ерасмус проекти за новиот повик за аплицирање од Националната агенција за европски образовни програми во рокот за апликации за наредната 2027 год.

14.3. Проекти од општествена одговорност и одржлив развој

Хуманитарните активности ќе се реализираат во согласност со календарот на активности, предновогодишни и велигденски базари. Тука се вклучени и редовните крводарителски акции и учество на разни обуки и натпревари поврзани со јакнење на чувството на хуманост и одговорност во општеството. Организирање хуманитарни акции за помош на болни лица, социјално загрозени семејства, помош во облека, храна, средства за хигиена

Еколошки акции и кампањи се организираат како дел од еколошката програма со цел да се промовираат еколошките активности во поширокатa заедница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број ученици, деца, вработени, родители, медиуми и сл. Имплементацијата и координацијата на активностите се поддржани од МОН, како и во рамки на планираните активности од Секторот за образование на Град Скопје.

Нашето училиште е активен учесник со масовна партиципација на учениците на Ден без автомобили, Ден на Планетата Земја и сл.

15. Поддршка на учениците

Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигнувањата, редовноста, поведението на сите ученици и нивните развојни потенцијали. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите/старателите за постигнувањата на учениците.

Наставниците настојуваат да ги мотивираат учениците со своите предавања, методите кои ги применуваат и начинот на кој им ги презентираат на учениците новите наставни содржини, додатната литература со која им ги надополнуваат содржините, но пред сè со личен пример на подготвеност да им укажат на тоа што се очекува од нив.

Професионалното информирање за продолжување на образованието на учениците, во училиштето се врши во четврта година. Во текот на второто полугодие на претставници од сите факултети сродни со медицинската струка, им се

овозможува простор на заинтересираните ученици да им биде одржана презентација за насоките и можностите за понатамошно вработување со стекнување диплома од соодветниот факултет. Од страна, наставниците и стручните соработници на учениците им се обезбедуваат јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование.

Стручните соработници исто така организираат сопствени активности за професионална ориентација на учениците. Подготовките за тоа почнуваат со понудената помош на учениците од страна на стручните соработници, класните раководители и предметните наставници во процесот на избирање изборни предмети во трета и четврта година, како и интерни предмети од државната матура, кои би биле соодветни за упис во високообразовните установи.

За учениците од социјално загозените семејства обезбедени се стипендии преку програмата Условен паричен надоместок од страна на Министерството за труд и социјална политика. Целта е да им се помогне редовно да одат на училиште, со што ќе се осигура дека овие деца ќе го завршат средното образование и следствено ќе имаат подобра позиција за вклучување на пазарот на труд.

За учениците со посебни образовни потреби, а врз основа на Законот за средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.78/25) и Правилникот за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи предвидена е поддршка на учениците со попреченост во форма на образовна асистенција.

15.1. Следење и анализа на ученичкиот успех

Следењето и анализата на ученичкиот успех се реализираат системски и континуирано, со цел да се обезбеди навремено согледување на постигнувањата на учениците, идентификување на нивните силни страни и потешкотии и планирање соодветни мерки за унапредување на воспитно-образовниот процес.

Следењето на успехот се реализира преку **континуирана евалуација**, усно и писмено проверување на знаењата и вештините, тестови, писмени работи, практични задачи и вежби, проектни активности, домашни задачи, активности на час, како и преку следење на ангажираноста, напредокот и индивидуалните постигања на учениците. Во стручното образование особено се следат и практичните знаења и вештини, примената на стекнатите знаења и успешноста во реализацијата на практичната настава.

Евалуацијата се спроведува **континуирано во текот на целата учебна година**, согласно планирањата на наставниците и наставните програми. На неделно и месечно ниво наставниците го следат напредокот на учениците преку тековните активности и проверки, додека на полугодишно и годишно ниво се врши анализа на вкупните постигнувања, успехот и изостанувањата на учениците.

Оценувањето се врши согласно **пропишаните критериуми, стандарди и законската регулатива**, со примена на однапред утврдени критериуми за вреднување на знаењата, вештините и компетенциите на учениците. При оценувањето се земаат предвид објективноста, транспарентноста, континуираното следење на напредокот и индивидуалните можности и потреби на учениците, согласно инклузивниот пристап во образованието.

Собраните податоци за успехот се евидентираат и анализираат на ниво на **ученик, паралелка, предмет и училиште**. Анализата опфаќа споредување на постигнувањата, идентификување на предмети и области во кои се појавуваат потешкотии, утврдување на ученици со континуирано понизок успех, согледување на ученици со значаен напредок,

како и следење на трендовите во успехот во текот на учебната година. Особено внимание се посветува на разликите меѓу очекуваните и постигнатите резултати и на факторите кои влијаат врз успехот.

Врз основа на анализите се планираат и реализираат **дополнителна настава, индивидуална и групна поддршка, консултации, педагошко-психолошка поддршка, активности за подобрување на мотивацијата и работните навики**, како и други соодветни интервенции. За учениците кај кои се утврдуваат континуирани тешкотии се следи ефектот од преземените мерки и, доколку е потребно, се планираат дополнителни активности.

Во процесот на следење и анализа се вклучуваат **наставниците, класните раководители, стручната служба, директорот и родителите/старателите**, а согласно потребите и другите лица вклучени во воспитно-образовниот процес. Наставниците и класните раководители редовно разменуваат информации за постигнувањата и напредокот на учениците, додека стручната служба учествува во анализата на податоците, идентификацијата на ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка и планирањето на соодветни интервенции.

Родителите/старателите се информираат за постигнувањата, напредокот, редовноста и однесувањето на учениците преку **родителски средби, индивидуални разговори, консултации и други форми на комуникација**, согласно можностите и воспоставените практики во училиштето. За успехот и напредокот на учениците се води соодветна педагошка документација и евиденција, а информациите се користат за навремено планирање и преземање мерки за подобрување на постигнувањата.

Анализата на ученичкиот успех претставува основа за **планирање на идните активности на наставниците и стручната служба, унапредување на наставниот процес, обезбедување соодветна поддршка на учениците и утврдување на приоритетите за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа на училиштето**.

15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

1. Превентивни програми (кои програми, кои се целите на секоја програма, кој ги спроведува програмите).

2. Работилници и активности со ученици, родители и наставници (опис на едукативните работилници; вклучност на психолози, педагози, полиција, здравствени работници или НВО, каде ќе се реализираат активностите). За вклучување на ученици се објаснува како ќе се избираат учениците кои учествуваат и дали активностите се групни, индивидуални или комбинирани. **3.** Постапка за заштита на ученик-жртва (опис на постапката за пријавување на насилство, занемарување, злоупотреба или дискриминација, кој прима пријава, кој презема мерки, рокови за постапување, како се обезбедува заштита и следење на ученикот-жртва). **4.** Оценка и очекувани резултати (какви ефекти се очекуваат од програмите (, како ќе се следи успешноста).

СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“е училиште во кое учат ученици со многу различности-етнички, социјални, различно регионално и културно потекло, здравствени, родови, интелектуално и др. Инклузивното образование е имплементирана практика, интуиција, желба, потреба, навика, култура, секојдневие, као и фокус тема во повеќе проекти и активности. Тоа претставува водење грижа за потребите на учениците со посебни потреби и за хронично болните, идентификување на индивидуалните потреби и потешкотии на учениците (едукативни, физички, психички, социјални) и преземање активности за нивно надминување. Особено се настојува на воспитни влијанија во класовите за прифаќање на учениците со посебни образовни потреби, грижа за нив и позитивна комуникација.

Во училиштето Инклузивниот тим составен од стручна служба, класен раководител, родители/старатели, и наставници ги координира активностите за изготвување ИОП – индивидулани образовни планови, и реализација на наставата спред нив.

Центарот за средно стручно образование и обука во соработка со Британскиот совет изготвија Прирачник за работа со ученици со посебни образовни потреби наменет за наставниот кадар во средното стручно образование (https://drive.google.com/file/d/1pYrVMPvAsa7lqGOcUBT6GqB0PACtvTVc/view), кој се користи како алатка за реализација на наставата, со цел таа да биде што поинклузивна. Особено се истакнува потребата од обучување на наставниот кадар за препознавање на ученици кои имаат дислексија, за да може тие ученици успешно да го следат образовниот процес. Дополнително, доколку се јави потреба, Училиштето ќе побара согласност за времено ангажирање на образовни асистенти.

1. Превентивни програми

Превентивните програми опфаќаат:

- промоција на менталното здравје и психосоцијалната добросостојба;
- превенција од врсничко, родово базирано и сексуално насилство;
- превенција од употреба на психоактивни супстанции;
- превенција од дискриминација и говор на омраза;
- јакнење на комуникациските и социјалните вештини;
- дигитална безбедност и безбедно користење на социјалните мрежи;
- промоција на здрави животни стилови.

Програмите ги реализираат психологот, педагогот, наставниците и раководството на училиштето, во соработка со надворешни институции и организации.

2. Работилници и активности со ученици, родители и наставници

Се организираат едукативни работилници, предавања и советодавни активности за ученици, родители и наставници на теми поврзани со:

- ментално здравје и справување со стрес;
- превенција од насилство;
- родово базирано насилство;
- превенција на сексуално насилство врз деца;
- превенција од употреба на дроги и други психоактивни супстанции;
- комуникациски и социјални вештини;
- дигитална безбедност и одговорно користење на интернет.

Активностите се реализираат индивидуално, групно или комбинирано, согласно потребите на учениците и проценката на стручната служба.

Во реализацијата, по потреба, учествуваат претставници од Министерството за внатрешни работи, здравствени установи, невладини организации, Центарот за социјална работа, ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и други релевантни институции и организации.

Учениците се вклучуваат врз основа на предлог од класните раководители, стручната служба, наставниците или согласно нивните интереси и потреби.

3.Постапка за заштита на ученик-жртва

Училиштето постапува согласно Законот за основно и средно образование, Правилникот за начинот на пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и интерните акти на училиштето.

Пријава може да поднесе ученик, родител, наставник или друг вработен во училиштето. Пријавата ја прима стручната служба или друго овластено лице, по што веднаш се преземаат мерки за заштита и поддршка на ученикот.

Во зависност од природата на случајот, се формира стручен тим, се известуваат надлежните институции и се обезбедува континуирано следење, доверливост и поддршка на ученикот-жртва.

4. Оценка и очекувани резултати

Успешноста на активностите се следи преку анализа на бројот на реализирани активности, учеството на учениците, бројот на пријавени случаи, како и преку повратни информации од учениците, родителите и наставниците.

Очекувани резултати се:

- подобрена училишна клима;
- зголемено чувство на безбедност кај учениците;
- намалување на ризичните облици на однесување;
- подобрена соработка помеѓу учениците, родителите и наставниците;
- јакнење на културата на почитување, недискриминација и ненасилство.

16. Оценување

Опис/тип на оценување	Опис на активности	Одговорно лице	Рокови	Забелешки
Бројчано оценување	Дефинирање на резултати од учење во модуларните планирања	Предметни наставни и	Класификациони периоди	
Формативно оценување	Насоки за оценување на учениците со дефинирање на формативното оценување, со евидентирање на напредокот на учениците	Стручна служба	Тековно во чебната година	
Сумативно оценување	Формирање на оцени според напредокот на ученците	Предменти наставници	Калсификациони периоди	
Календар на писмено оценување	Наставните предмети каде се предвидени писмени работи прават план, при што имаат приоритет во однос на останаите предмети	Предметни наставници	На почетокот на учебната година	
Ученици со ИОП	Доколку има ученици со наод и мислење, ќе биде изготвен ИОП		Инклузивен тим	
Информирање на родителите	Тековно информирање преку е-дневник, како и со лична комуникација	Класен раководител и предметни наставници		
Повторна проверка на знаења	Ученици кои се оценети со негативни оцени и се упатени на испити на	Предемтни наставници		

	година и поправни испити			
Комисии за испити (класен, поправен, вонредни...)				

16.1 Видови оценување

Вреднувањето и следењето на постигнувањата на учениците се остварува според **Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното образование** (Сл. весник на РМ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99 и 29/02). Според тој правилник предмет на оценување се постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, заинтересираноста и ангажираноста на ученикот во училиштето.

Современата концепција, суштината на оценувањето ја согледува во контекст на евалуацијата на целокупниот воспитно-образовен процес, нивото на усвоени содржини, нивото на стекнати вештини и примена на знаења, нивото на развиеност на мисловните процеси и формирањето на општи ставови. Особено се настојува да се даде акцент на систематско следење на процесот во кој учениците ги постигнуваат резултатите. Во тој процес треба да се вклучат сите компоненти како што се: конгитивната, мотивационата, психомоторната и афективната (според Блумовата таксономија).

Во текот на учебната година за вреднување на трудот на учениците ќе бидат применети сите типови на проверка на знаењата. Во склоп на проверката ќе се примени писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови, работни листови и сл.), усно проверување на знаењата и комбинирано. Во процесот на оценување ќе се користат дијагностичкото, формативното и сумативното оценување со што ќе се зајакне квалитетот на оценувањето во делот континутет во следење, со што ќе им се помогне на учениците во учењето, ќе се создава база на податоци за следење на ученичкиот напредок, што ќе овозможи пореално вреднување на постигнатите знаења.

За таа цел потребно е секој наставник да се стреми кон примена на сите современи методи на излагање на наставните содржини. Во рамки на состаноците на стручните активи се дискутира во врска со изготвување на тестови на знаења според спецификацискатa мрежа за застапеност на содржини и нивоа на тежина, како една од мерките за подобрување на објективноста.

Со оглед на фактот дека нашето училиште е стручно, застапени се и предмети со практична настава каде следењето се врши и преку практично проверување низ одредени манипулативни барања од учениците. Евидентирањето на постигнувањата се врши преку соодветен образец. На истиот принцип се врши и оценувањето на учениците по спорт и спортски активности.

Учебната година е поделена на четири класификациски периоди кога се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и поведението на учениците, која се согледува од класните книги што се водат за секоја паралелка одделно. Така се собираат податоци кои ја карактеризираат континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување, разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

Планските насоки за развој и унапредување се презентирани низ следните подрачја:

- задолжително инкорпорирање на стандарите за оценување во модуларните планирања на наставниците;
- воведување на разновидни средства за информирање и стимулирање на успехот кај учениците;
- надоградување на системот за следење, проверување и оценување, со користење на алатки за ИКТ;
- развивање на јавност и објективност во оценувањето;

· усовршување на критериумите за оценување на учениците и унапредување на целокупниот воспитно-образовен процесс;
· проучување и истражување на предизвици и систематизирање на позитивни искуства, анализа на резултатите од оценувањето;
· разработување на систем за пофалби, награди и други признанија.

Имплементирање на стандардите во оценувањето

Во училиштето, наставниците оценувањето го прават врз основа на активноста на ученикот, преку усни одговори, писмени работи, изработени проекти и друго, оценети според пропишаните стандарди за евалуација на знаењето на ученикот дадени од БРО. Стандардите се вклопени во рамките на модуларните планирања на наставниците, преку детално поставените резултати од учење.

Очекувања од секој предметен наставник во сите класификациски периоди

На состаноците на Советите на паралеки и години перманентно се посочува дека наставниците во следниот период треба навремено, јавно и образложено да ги оценуваат учениците, да им ги даваат тестовите на учениците за правење поправки и анализи за да ги увидат грешките, како и редовно да одржуваат дополнителна настава.

Планирање на формативното и сумативното оценување

При планирањето на формативното и сумативното оценување, наставниците треба да водат сметка да се почитува законскиот норматив со кој се одредува динамиката на усна и писмена проверка на учениците (дневно најмногу по една, а седмично по две писмени работи).

Правилник за унпредување на оценувањето на постигнувањата на учениците

1. Оценувањето на постигнувањата на учениците се темели на националните критериуми и стандарди дефинирани за секој наставен предмет;
2. Целите, формите, методите, инструментите на оценувањето се дел од наставното планирање;
3. Наставникот планира и применува разновидни форми, методи и инструменти за следење и вреднување на постигнувањата на учениците;
4. Стручните активи градат усогласени критериуми за оценување на ученичките постигнувања.
5. Оценувањето е транспарентно - наставниците ги запознаваат учениците и родителите/старателите со целите и критериумите на оценувањето и овозможуваат увид во истото;
6. Оценката треба да биде образложена, согласно стандардите за оценување кои се составен дел од модуларните планирања на наставниците.
7. Оценувањето е составен дел на наставниот процес, со него се добиваат информации што се релевантни за целите и содржините на наставата;
8. Оценувањето е континуиран процес и има цел да им помогне на учениците да научат подобро и повеќе;
9. Се унапредува процесот на формативно оценување или оценување за учење:

· наставникот со навремена и квалитетна повратна информација овозможува ученикот да разбере која е целта на неговото учење, до каде се наоѓа во однос на таа цел и на кој начин може да ја постигне;
· наставникот верува дека секој ученик може да се подобри во однос на претходните постигања;
· наставникот применува методи кои обезбедуваат вклучување на учениците во процесот на оценување, ученикот има активна улога затоа што неговата самодоверба и мотивација се клучни за ефективно учење и напредок.

10 Оценувањето обезбедува целосни иформации за постигнувањата на ученикот; Училиштето гради систем што ќе овозможи квалитетно информирање на родителите.

11. Секој предметен наставник има обврска навремено да го пополнува електронскиот дневник, со што и родителите/старателите може да имаат увид во напредувањето на ученикот.

16.2. Тим на следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и поддршка е составен од стручната служба и предметни професори со конкретни задолженија. Задача на тимот е да врши анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците, да креира план за поддршка на наставниците кои покажуваат послаби резултати во работењето, да им дава поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, и да планира споделување на добра практика во рамки на училиштето. Воедно, Тимот се грижи за континуирано стручно усовршување на целиот наставен кадар.

Покрај овој тим, во училиштето се формира и тим кој ќе ги разгледува поплаките и жалбите за оценките, поднесени од страна на учениците. Тимот се состои од класен раководител, стручна служба и два наставника од истиот или сроден предмет. Задача на овој тим е да ја утврди оправданоста на поплаката и да ја презентира пред Наставничкиот совет кога треба да се донесе одлука дали приговорот ќе се уважи.

Предлог табела:

Активност/Подрачје	**Опис/Насока**	**Временска рамка**	**Одговорни лица**	**Начин на евиденција/извештај**
Следење на оценувањето по предмети	Редовно следење на распределбата на оценки по одредени предмети и паралелки	Еднаш месечно	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа во педагошки совет
Анализа на отстапувања од оценувањето	Спредбена анализа на постигнувања та	По класификациони периоди	стручна служба	табеларен приказ
Поддршка на наставници кои имаат потешкотии со оценувањето	Одржување работилници индивидуално советување	тековно	ментори на наставници и припревници	образец за работа на
Поддршка на наставници иноватори	отворен часови	тековно	предметни наставници и стручна служба	извештај од одржана активност
Жалби и поплаки за оценување	решавање на наставнички совет работа со стручна служба	по потреба	наставнички совет стручна служба	архивирани проговори

Споделување на добра практика	дискусија на стручни активи	тековно	предметни наставници	записници евидентни
Настава и оценување на ученици со попреченост	согласно изготвен ИОП-доколку има ученик со ПОП	тековно	предметни наставници	ИОП
Ментори кај работодавач				
Координатори за практично образование				
Извештај за состојбите со оценувањето	Извештај на педагог	на секој класификационен период	педагог	споредбени анализи

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Предлог табела:

Област на набљудување	Тип на активност	Одговорно лице	Временска рамка	Инструмент/метод на вреднување	Белешка/коментар
Настава по општообразовни и стручни предмети	На пр. Наставни часови	Директор	Септември - јуни (1-2 пати по наставник)	Листа за набљудување на час, извештај	Фокус на цели, интеракција, формативно оценување

Во училиштето ќе се организира систематско следење на воспитно-образовната работа врз основа на Годишната програма на училиштето и наставните програми по одделни предмети. Следењето ќе се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Ќе се врши по пат на соодветни инструменти и техники со што ќе се прибираат податоци, а потоа истите ќе се евидентираат и обработуваат.

Цел на следењето

- подобрување на квалитетот на настава
- помош при реализација на настава
- соработка со наставниците
- поттикнување на тимска работа
- решавање на тековни прашања
- содветна примена на ИКТ во наставата
- подобрување на квалитетот на годишните, тематските и тематско процесни планирања на наставниците
- следење на потребите на наставниците за реализација на наставата од аспект на наставно надгледни средства, технички помагала и литература

Начин на следење

- посета на часови
- учество во работа на стручните активи
- разговори и консултации
- одржување на стручни состаноци на управата
- анкети за наставници, ученици, родители
- изготвување и презентирање на извештаи за сите видови на следење на наставата, воннаставните активности и другите подрачја од воспитно наставниот процес

Предмет на следењето ќе биде:

1. Планирање и подготовка на професорите за изведување на наставата
Секој профессор има обврска да изготви: годишно, планирање на модули и дневно планирање за секој предмет што го предава и да го достави до педагогот. Истовремено потребно е во секое време да ги има со себе во печатена и електронска форма. Секој професор за секој предмет да изготви и план за додатна и дополнителна настава согласно програмата на МОН.

2. Примена на наставни форми и методи
Секој професор при изготвување на Тематско- процесното планирање да ги наведе наставните форми и методи кои ќе ги користи, како и инструментите за формативно и сумативно оценување.

3. Планирање, програмирање и реализација на активностите на стручната служба во училиштето
Педагогот и психологот имаат изработени Годишни и Месечни програми за работа, разработени оперативни планови за активности што ги спроведуваат во состав на некој проект, програма или активност на училиштето. Библиотекарот има и листа на попис на книги со кои располага училишната библиотека и листи на примени учебници од МОН.

4. Интеракција меѓу професорите и учениците
Од страна на педагошко-психолошката служба ќе се спроведуваат истражувања и резултатите од истите ќе се објавуваат на сајтот на училиштето и ќе се користат за извештаи

5. Приодот на професорот кон учениците
Врз основа на приложените тематски планирања од страна на професорите и посета на час, од страна на педагогот и психологот ќе се потполни дел од професионалното портфолио за секој професор. При тоа ќе се користат евидентни листови за следење на тематските планирања и набљудување на час кај наставниците.

6. Следење, проверување и вреднување на успехот што го постигнуваат ученицитеи професорите во наставата и воннаставните активности
Успехот на учениците ќе се следи континуирано од страна на сите релевантни субјекти, и ќе се настојува да се постигне што пообјективно оценување а успехот кај професорите ќе се вреднува од страна на инспекторите на МОН и стручната служба при училиштето. Ќе се следи и учество на натпревари, конкурси, размени и учество во други воннаставни активности.

7. Водење на педагошка евиденција и документација во рамките на сите подрачја што ја сочинуваат дејноста на училиштето
Педагошка евиденција и документација ќе се води според новите прописи од Министерството за образование и наука. Ќе се настојува истата да се усоврши со цел да биде во функција на подобрување на наставната практика. Водењето ќе биде од страна на одговорните лица. Квалитетно и благовремено воденатa евиденција и документација ќе биде користена за изготвување на компаративни анализи, извештаи и слично.

8. Перманентно стручно усовршување на директорот, наставниот кадар и стручната служба
Воспитно-образовниот кадар перманентно стручно ќе се усовршува низ различни форми:

- испраќање стручни материјали по е-маил на професорите, од страна на стручната служба
- спроведување на обуки од страна на обучени професори и стручна служба

- преку учество на семинари и советувања
- преку следење на стручна литература и периодика
- преку учество во работата на стручни активи

16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето се изготвува по седумте подрачја и за секое подрачје е формиран тим. Самоевалуацијата заедно со Развојниот план претставува основа за изработка на годишни програми. Во делот на оценувањето се детектирани одредени слаби страни кои што се дел од Развојниот план и Годишната програма за работа на училиштето.

Училишниот тим за самоевалуација на училиштето во текот на учебната 2026-2027 година ќе изработи анализа на самевалуацијата за потврдување, односно корегирање на досегашните сознанија:

Наставниот кадар во училиштето е задоволен од постигнувањата на учениците во училиштето. Голем дел од учениците во училиштето го продолжуваат образовниот процес во високообразовните институции. Исто така, дел од учениците по завршувањето на училиштето се вработуваат во државните, но и во приватни здравствени установи.

Училиштето има интерна процедура за следење на наставниот процес т.е. наставниот процес се следи преку посета на часови од страна на Стручната служба и Директорот на Училиштето. Наодите од процесот се користат за подобрување на наставниот процес.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите/старателите за напредокот на нивните деца и го применуваат поголемиот број наставници (најмалку четири пати во годината има родителски средби, секој предметен наставник има приемен ден за родителите). Функцијата на електронскиот дневник овозможува родителите да добијат информација за редовноста и напредокот на учениците во реално време.

Во училиштето, наставниците оценувањето го прават врз основа на активноста на ученикот, преку усни одговори, писмени работи, изработени проекти и друго, оценети според пропишаните стандарди за евалуација на знаењето на ученикот дадено од Центарот за средно стручно образование.

Класните раководители подготвуваат извештаи за напредокот на учениците по класификациски периоди за својата паралелка. Училиштето има посебни анализи за напредокот на учениците по паралелки, преку детални анализи за успехот на тромесечие, полугодие, трето тромесечие и годишен успех од страна на класните раководители и педагошката служба.

Бројот на отпишани ученици од училиштето во сите години и бројот на ученици кои редовно не ја завршуваат тековната година е мал, а најчеста причина е преселување во друга општина или префрлување во друго училиште.

Согласно утврдените отстапувања, како и утврдените приоритети, Училиштето ќе изготви Развоен план за периодот 2026-2030 година.

Предлог табела:

Области на евалуација	**Стандарди/индикатори**	**Методи и инструменти**	**Временска рамка**	**Одговорни членови од комисијата**	**Забелешки**
Подрачја за евалуација	Стандарди од подрачјата	Анкета со настав-ници, анализа на годишни програми	Март-април	Стручна служба наставници за секое подрачје	Фокус на усогласеност со состојбата во

				..., директор	последните две години

17. Безбедност во училиштето

Безбедност во училиштето

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќни случаи во училиштето.

Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди. Учениците секогаш користат заштитна опрема (гумени ракавици и униформа) при реализација на наставни содржини за стекнување на практични вештини во училиштето и на практичните бази вон училиштето.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.

Исто така, во учиштето има определено Тим за безбедност, составен од директор, стручна служба, претставници од учениците и родителите, претставник од агенцијата за обезбедување, и претставник од одделот за превенција од СВР Скопје. Тимот за безбедност изготвува годишен план на активнсти за безбедност на Училиштето.

Предлог табела:

Активност/Мерка	**Целна група**	**Временска рамка**	**Одговорни лица / Соработници**	**Начин на спроведување**	**Забелешки**
Обука за прва помош	Ученици од III и IV година	Октомври	Стручна служба, Црвен крст	Теоретски и прак-тичен дел	Сертификати

18. Грижа за здравјето

Поаѓајќи од современите сфаќања за категоријата „здравје“, а истовремено негувајќи го сопствениот идентитет и позитивното во традиционалното живеење, здравјето треба да се подобрува и унапредува во позитивен, динамичен, холистички и еколошки аспект преку развивање на прогресивни програми за здравствено образование и унапредување на здравјето. Програмата за заштита и унапредување на здравјето ги вклучува сите аспекти од животот во училиштето и неговите врски со заедницата како модел кој се базира на: грижа за менталното здравје, интеракција на физичките, менталните, општествените и аспектите на средината, активно учество на ученикот преку најразновидните методи за развивање на вештини, вредности и ставови; развивање на позитивна слика за себе и зголемување на контролата за сопственото здравје, прифаќање на значењето на физичката средина во училиштето во однос на естетските и психолошките ефекти кај учениците и вработените; непосредно вклучување и поддршка од родителите/старателите; како и активно учество на здравствената служба. Операционализацијата на оваа глобална програма училиштето ќе ја оствари преку реализација на проекти доставени од Секторот за образование на Град Скопје. Конкретните содржини треба да се реализираат низ содржините од: редовната настава, програмата за класниот час и Програмата за животни вештини, активностите во рамките на Младинската организација, соработка помеѓу учениците од различни образовни профили со стручни теми, реализација на проекти, Справување со стрес, Програмата за разбирање на конфликти, Младинските едукативни програми за превентива од заразни болести, како и за репродуктивното здравје на жената, Почитување на разликите и слично. Овие теми ќе бидат презентирани од работни групи на ученици

од мешан етнички состав пред учениците од прва година, како и пред ученици од повеќе основни училишта со кои е воспоставена соработка за таа цел.

Глобално, содржините во рамките на училишната здравствена политика се групирани во три подрачја:

- **Унапредување на здравјето во физичка смисла** – Едукативни содржини од областа на личната хигиена, храна и исхрана, заразни болести, хумани односи меѓу половите, превентива од болести на зависност, физички вежби и рекреација - со посета на спортски рекреативни центри, безбедност и прва помош.
- **Унапредување на менталното здравје** - Приоритет е и подигнување на свеста за менталното здравје на младите, преку повеќе едукативни активности, трибини и работилници за развој на самодоверба, самопочитување, комуникација, разбирање на другите и нивно прифаќање, е еден од приоритетите за оваа учебна година, поддршка за справување со стрес и сл. Бирото за развој на образование во соработка со Институт за психологија при УКИМ изготвија Прирачник, преку кој се реализираат работилници од страна на стручната служба.
- **Социјално здравје** - грижа за локалната средина, комуникација ученици-родители-средина, активно учество во акциите за крводарителство, часови за заштита на лични податоци. Агенцијата за лични податоци со помош на Европска унија изготви прирачник за наставниците.

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво, особено прилагодена на спечување од ширење вирусни инфекции. Персоналот се труди тоалетите во училиштето да се чисти и дезинфицирани во секое време од денот иако фреквенцијата на ученици и наставници е многу голема. Не задоволува бројот на тоалети според бројот на ученици. Според планот редовно во училиштето се реализира дератизација, дезинсекција и дезинфекција, како и по укажување на Институт за јавно здравје на РС Македонија

Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја оддржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку неколку пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена, а останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, додека прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку еднаш во секое полугодие. Дворот на училиштето се чисти од секаков вид отпадоци. Во дворот на училиштето, во секоја училница, и во ходниците има поставено корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

На состаноците со родителите/старателите континуирано се дискутира за актуелни теми за хигиената и заштитата од болести. Истовремено, во училиштето се одржуваат и предавања за учениците за одржување на хигиената и заштитата од заразни болести.

Предлог табела:

Активност/Област	Простор/Објект	Одговорни лица	Временска рамка	Начин на контрола	Забелешки
Чистење и дезинфекција на училниците	Сите училишта	Хигиеничари	Дневно/по настава	Записници, визуелна проверка	Спроведува хигиен-ски надзорник

Едукација за лична хигиена	Ученици	Стручна служба + класни раководи-тели	Септември, февруари	Предавање/работилница	Теми: миење ра-це, лична хигиена, облека

18.2. Систематски прегледи

Во рамки на Програмата за здравствена заштита на учениците од Заводот на здравствена заштита, систематски преглед ќе се реализира за учениците од прва година, во период кој ќе биде определен согласно распоредот со останатите училишта. Систематскиот преглед ќе се одвива во термини после одржување на часовите од прва смена и пред одржување на часовите од втора смена, со што нема да се нарушува наставниот процес. Учениците и класните раководители ќе бидат навремено известени преку огласната табла и соопштенијата за секоја паралелка. За време на обавувување на систематскиот преглед ќе биде присутен и класниот раководител. Вакцинирањето на учениците од четврта година ќе биде реализарно во соработка и со термини планирани од ЈЗУЗ.

Предлог табела

Година, паралелка	**Тип на преглед**	**Временска рамка**	**Здравствена установа**	**Одговорен наставник/лице**	**Забелешки**
Ученици од прва година	Индивидуален ме-дицински надзор	Според календарот на Здравствен дом Бит Пазар	Здравствен дом Бит Пазар	СОП тим + класен раководител	Според индивиду-ални потреби и проценка

18.3. Вакцинирање

Вакцинацијата на учениците се реализира според Календарот за имунизација на Министерството за здравство. Ученици кои се опфатени со ревакцинација се ученици од четврта година

Вкцинацијата се спроведува во Здравствен дом Бит Пазар - школски диспанзер

Распоред се изготвува според насоките од Здравствениот дом.

Евиденција за примените вакцини се води и се почитува терминот кој е даден за надоместување на пропуштениот.

Година	**Тип на вакцина**	**Временска рамка (месец)**	**Надлежна здравствена установа**	**Одговорно лице од училиштето**	**Забелешки**
Ученици од четврта година	Ревакцина тетанус	Февруари - мерт	/ здравствен дом	Стручна служба	Потребна меди-цинска потврда
Ученици кои доаѓаат од странство или имаат пропуш-тени вакцини	Ревакцина тетанус	секоја среда	здравствен дом	стручна служба	

18.4. Едукација за здрава исхрана

Програмата за животни вештини дава одлична основа за реализација на едукација за здрава храна. Младинската организација исто така ќе реализира едукативни активности преку изработка на флаери, организирање трибини и слично.

19. Училишна клима

Односите во училиштето се регулирани преку акти кои ги донесува Училишниот одбор (Статут, Куќен ред, Кодекс на однесување, протоколи и процедури) со кои се овозможува да се постигне атмосфера на позитивна работна клима. Сите активности се одвиваат заеднички од сите субјекти, независно од етничкиот состав (состаноци на претседатели на паралеклки, тематски трибини, состаноци на стручни активи, екскурзии, натпревари, учество во проекти и сл).

Тимската работа и училишната клима

Тимската работа дава можност за изнаоѓање на нови идеи и зголемена ефикасност на работата кај поединецот преку одржување ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки.

Ваквиот начин на работа придонесува за поголемо усовршување на професионалниот развој под услов да се одвива според принципите на заемно усогласување, почитување, доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација и продуктивна работа. Од особена важност е да се почитува мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен.

Тимската работа се остварува преку многу форми на учење и различни успешни принципи кои се градат на богатството од различните мислења, знаења и погледи при донесување заеднички одлуки.

19.1. Дисциплина

Во рамки на заложбите на градење клима на меѓуетничка интеграција, во училиштето ќе се реализираат заеднички часови на паралелки на македонски и албански наставен јазик. Реализацијата на заедничките часови ќе се одвива по предметите каде за тоа има услови, а тоа се предметите каде учениците во исто време и на ист простор имаат настава – часови по спорт и по практична настава. Предметните професори ќе изготвуваат заеднички планирања и учениците од двете паралеки ќе ги водат како свои ученици. На овој начин ќе се постигне целта, учениците да чувствуваат припадност на паралелка од другиот наставен јазик, меѓусебно подобро запознавање и градење на нови лични пријателства.

Предлог табела:

Активност / Мерка	Цел / Намена	Целна група	Временска рамка	Одговорно лице/тим	Белешки / Дополнителни насоки
Надзор на училишниот двор	Одржување на безбедност и ред	Ученици	Секој ден (пред и по часови)	Дежурни наставници	Вклученост и на техничкиот персонал ако е можно

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Предлог табела:

Активност	Цел / Опфат	Целна група	Временска рамка	Одговорни лица / тим	Потребни ресурси
Декорација на ходници со ученички дела	Поттик на креативност и	Ученици од	Октомври – Ноември	Наставник по ликовно + класни раководители	Рамки, боја, само-лепливи панели

Разубавување на ходници, канцеларии и училници со еко-производи	позитивна клима	сите години			
Формирање на еко-патроли за мониторинг и согледување на состојба на постоигнатите резултати како и дополнување со новини стекнати пошироко за чиста и здрава средина	Истражување, презентирање на сознанијата за потребата од разубавување на внатрешноста на школото со цвеќиња, определување на место за цвеќе и поставување на цвеќе	Ученици од сите години	Во текот на учебната година	Предметни наставници со природни науки, стручни предмети, спорт	
1. Спроведување на хигиенските стандарди и превземање на активни мерки за подобрување на животената и работната средина на учениците преку: • Добивање сапуни за потребите на лабораториите • Заштита од потенцијални микози и микотоксикози • правилно складирање на одпадниот материјал • Кампања за здрава исхрана и здрав живот, физички активности во училиштето, здраво тело здрав дух. • рационално и правилно користење на материјали за работа како и запознавање со нивно штетнно дејство за средината/носење заштитни маски		Ученици од сите години	Во текот на учебната година	Предметни наставници по, стручни предмети, спорт	

/користење систем за аспирација на акрилатна прашина или метална • Чување на спортски реквизити					

19.3 Етички кодекси

Кодекс за наставниците
Воведна одредба

Определувајќи се за професијата просветен работник наставникот се обврзува;
-Својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
-Воспитанието и образованието на ученици да му преставува највисок императив во неговото професионално однесување;
-Со сите сили да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник и при вршење на своите должности да не дозволи да прави никакви разлики поради пол , националност, раса, возраст,општествено-економска положба;

Наставникот и струката

1. Секој наставник е стручен за определена област и застапник на определена област и застапник на определена наука во училиштето и во поширокатa општествена заедница.
2. Наставникот треба постојано да се залага за општествена афирмација на својот предмет, и тоа ќе го постигне преку:

-развивање чувство на радост од новите сознанија кај учениците;
-предизикување почит кон предметот кај колегите;
-побудување љубопитност кон проблемите што ги поставува неговиот предмет кај гра”аните од поширокатa општествена јавност.

3. Како стручна и општествена јавна личност наставникот може и треба да го поуларизира својот предмет и надвор од училиштето преку учество во јавни трибини, пишување статии, стручни трудови , книги и др.
4. Наставникот треба да е свесен дека како стручњак и просветител директно е одговорен за создавање на интелектуален потенцијал и севкупниот свој професионален ангажман да го мобилизира во таа насока

Наставникот и часот

1. Наставникот е должен да го започне часот на време
2. Часот треба редовно да биде евидентиран , како и отсутните ученици
3. Секој час треба да биде добро испланиран за да овозможи максимален ангажман на сите ученици и постигнување на целите на часот
4. Часот треба да се изведува спотед современатa наствна технологија со користење на современи нагледни средства со кои се олеснува учеањето

Професионалниот лик на наставникот

1. Наставникот треба да биде компетентен за работата што ја врши
2. Наставникот е должен да ги почитува законските одредби
3. Наставникоте секогаш и секаде внинмава на својот јазик, тој треба да е литературен, јасен, достпен и достоинствен

4. Наставникот треба секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување:
   - тој секогаш внимава на својот морален лик
   - не смее својата работа во образовната дејност да ја користи за лични намени или да ја злоупотреби
   - не се изложува на јавноста под дејство на алкохол или во афективна состојба
   - гради авторитет и е личност во која може да се има доверба
5. Секој наставник е должен професионално да се усовршува преку читање стручна литература, посета на семинари, размена на искуства со колеги и др.

Наставникот и ученикот

1. Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик
2. Наставникот е обврзан професионално и чесно да се однесува кон секој ученик. без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата, општествено-економската положба
3. Наставникот го учи ученикот како да учи, т.е. ја поттикнува и негува самостојноста и критичката мисла на ученикот
4. Наставникот го вреднува знаењето и умеењето на ученикот и реално го оценува секој одговор, без оглед на претходните оценки
5. Наставникот бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно го следи и вреднува
6. Наставникот никогаш не го казнува ученикот телесно и не го малтретира психички

7. Секој наставник избира слободна (воннаставна) активност преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развијат своите таленти

8. Наставникот е должен редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладување на наставнта материја

Наставникот и родителот

1. Наставникот е во постојана комуникација со родителот и е должен :
   - навремено да го повикува и објективно да го известува
   - да ги почитува неговите аргументи
   - да бара негова соработка и ангажман во решавање на проблемите
   - да го упатува на помош од компетентни лица кога тој не е во состојба да помогне

Односот меѓу наставниците

1. Наставникот е должен да го почитува секој свој колега
2. Наставникот е должен да ги цени и почитува стручноста и достоинството на секој наставник во комуникација со учениците, родителите и др. лица
3. Наставникот е должен да биде максимално ангажиран во работата на стручниот актив на кој припаѓа

Наставникот и училиштето

1. Наставникот е должен да се грижи за целиот училишен простор и имот , посебно за кабинетот во кој држи настава
2. Наставникот терба да прифати дека, додека се наоѓа во училиштето. тој е на должност,цело време и секаде.

19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и

неформални средби (ученички екскурзии, предновогодишни прослави, одбележување на празници, новогодишен базар,хуманитарен велигденски базар, заеднички патувања,обуки за комуникација и сл.)

20 Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците. За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба.

Во училиштето постојано се следи и прави проценка како да се подобри квалитетот на воспитно образовнта работа. Согласно спроведената самоевалуација и интегралните увиди детектирана е потребата од континуирано надоградување и професионален развој на наставниот кадар кој ќе се спроведува преку најразлични активности: семинари, обуки,работилници, конференции,трибини организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центар за стручно образование и обука, невладини организации и други релевантни институции.

